

**ЗМРХ: Во 2026 година чествување на неколку јубилеја**

**Интервју со проф. д-р Драгана Черних:**

**Земјотресите – ревизор на нашите градби**



# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XXXIII 2026.

МАЈ – ЈУНИ
SVIBANJ – LIPANJ

ISSN 1333-7769

БРОЈ
161




## Потпишана Спогодба за стратешка соработка помеѓу Хрватска и Македонија

**Нераскинливи врски преку музиката и музичките уметници**



**МКД „Македонија“ – 35 години работа, посветеност и љубов кон татковината**



## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН!

# Ferozomal

**mikrogranule za izravnu primjenu**
dodatak prehrani sa sladilima

okus limuna i šumskog voća
**s liposomalnim željezom**
**i vitaminima C i $B_{12}$**
30 vrećica




**Sadrži željezo koje doprinosi smanjenju umora i iscrpljenosti te normalnoj funkciji imunološkog sustava.**

ALKALOID

*Health above all*

OGL-637-01-03-2025-HR

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak




Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Будем Конзалтинг д.о.о.
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Христина Грозданоска – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo je glasilo izrađeno uz financijsku podršku Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske. Sadržaj ovog glasila u isključivoj je odgovornosti Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj i ni pod kojim se uvjetima ne može smatrati kao odraz stajališta Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zmurh.hr@gmail.com
За издавачот: Илија Христодулов
Печат: „Мпринт“ – Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Sektor informiranja, Ur.broj 389-03-5/2-93-01/343, dana 14.07.1993. godine.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Ur.broj 532-03-1/7-94-01, od 10.05.1994. godine, ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.



ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мисления на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.


# Сонот како обврска

Илинден е повеќе од датум. Тој е симбол на вековниот стремеж на македонскиот народ кон слобода, достоинство и сопствена држава. Тој е ден кога со почит се поклонуваме пред делото на нашите предци, кои со неизмерна жртва ја вградија својата љубов кон Македонија во темелите на нашата национална историја. Нивниот сон за слободна и своја држава останува трајна обврска за сите генерации Македонци, без разлика каде живеат.

И оваа година во Голубињак, Македонците од сите краишта на Република Хрватска повторно ќе се соберат заеднички да го одбележат најголемиот национален празник – Илинден. Тоа не е само прослава, туку сведоштво дека националната припадност, јазикот, културата и историската меморија се живи и силни, пренесувани од генерација на генерација. Голубињак одамна стана место каде што се среќаваат минатото, сегашноста и иднината на македонската заедница во Хрватска.

Во време кога Македонците и Македонија сè уште се соочуваат со негирања на нивниот национален идентитет, јазик и историско наследство, нашата обврска е уште поголема. Најсилниот одговор на секое негирање не е поделбата, туку единството; не е молкот, туку зачувувањето на вистината, културата и традицијата. Токму затоа, македонските културни друштва, обединети во рамките на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, преку бројните културни, образовни и уметнички настани што ги организираат во текот на целата година, претставуваат жив доказ дека македонскиот идентитет не само што опстојува, туку и се развива.

Нашата сила отсекогаш била во заедништвото. Во песната што се пее на македонски јазик, во ората што ги играат младите, во книгите што ги читаме, во спомените што ги раскажуваат постарите и во љубовта што ја негуваме кон татковината на нашите предци. Таа љубов не познава граници и не може да биде избришана со никакви негирања.

Нека овогодишниот Илинден во Голубињак биде уште една потврда дека гордо го чуваме она што сме го наследиле и со истата одговорност им го предаваме на оние што доаѓаат по нас. Да останеме обединети, достоинствени и горди на своите корени, продолжувајќи да ги афирмираме македонската култура, јазик и национален идентитет во Република Хрватска.

Честит Илинден!

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)



# Потпишана Спогодба за стратешка соработка

*Хрватскиот и македонскиот премиер во Охрид потпишаа Спогодба за стратешка соработка – потврдена силната хрватска поддршка за членството на Македонија во ЕУ*

Премиерите на Република Хрватска и на Република Македонија, Андреј Пленковиќ и Христијан Мицкоски, на 26 мај 2026 година во Охрид одржаа заедничка билатерална средба на која беше потврдено исклучително доброто ниво на политички и економски односи меѓу двете земји, како и заедничката определба за нивно понатамошно унапредување.

Во хрватската делегација беа и потпретседателот на Владата и министер за море, сообраќај и инфраструктура Олег Бутковиќ, потпретседателот на Владата и министер за одбрана Иван Анушиќ, министерот за економија Анте Шушњар и министерот за правда, управа и дигитална трансформација Дамир Хабијан, како и повеќе државни секретари и претставници на институциите.

## Заеднички проекти

На средбата беа потпишани Спогодба за стратешка соработка меѓу двете влади и Спогодба за соработка во областа на енергетиката, со што се создаваат нови можности за заеднички проекти во енергетската транзиција, инфраструктурата и економскиот развој.

- Го поздравувам потпишувањето на Спогодбата за стратешка соработка која навистина е плод на меѓусебна доверба, но и содржајните односи што ги имаме меѓу двете земји и кои се пријателски. Одличен е третманот на Хрватите овде во Македонија, а исто така и на македонското малцинство во Хрватска. Се радуваме за унапредувањето на соработката, истакна меѓу другото премиерот Пленковиќ.

Исто така беше посочено дека трговската размена меѓу Хрватска и Македонија достигнала околу 350 милиони евра, со континуиран тренд на раст, што ги потврдува сè посилните економски врски меѓу двете земји.

Во рамките на посетата на Охрид пристигнаа и претставници на најголемите хрватски компании и извозници, меѓу кои „Подравка“ и „Кончар“, кои веќе реализираат значајни инвестиции и проекти во Македонија во вредност од повеќе милиони евра.

Нивното присуство беше јасен показател дека економската соработка меѓу двете земји добива нова динамика и дека постои силен интерес за нови инвестиции и заеднички деловни иницијативи.

## Евроинтеграција

Премиерите разговараа и за процесот на европската интеграција на Македонија. Премиерот Пленковиќ уште еднаш ја потврди силната и принципиелна поддршка на Хрватска за полноправно членство на Македонија во Европската Унија, нагласувајќи дека Загреб ќе продолжи активно да го поддржува македонскиот европски пат и да ги споделува своите искуства од пристапните преговори.

Од македонска страна беше изразена благодарност за континуираната политичка и експертска поддршка што Хрватска ѝ ја дава на Македонија во процесот на евроинтеграција, како и за развојот на партнерството во областа на економијата, инфраструктурата, енергетиката и одбраната.

М. Г.



# Во 2026 година чествување на неколку јубилеја

*Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Република Хрватска ја одржа својата 5. седница на 9 мај 2026 година во просториите на ЗМРХ во Загреб*

На седницата беше истакнато дека според Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ, за ЗМРХ и друштвата за 2026 година одобрена е финансиска поддршка во вкупен износ од 270.650,00 евра од Државниот буџет на РХ, што претставува зголемување од околу 11,2% во споредба со минатата година. Претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, изрази голема благодарност до Владата на РХ, Советот за националните малцинства на РХ и до сите институции што ги поддржуваат програмите на ЗМРХ и на друштвата.

Управниот одбор на седницата едногласно ги прифати годишните финансиски извештаи за 2025 година за Советот и за потребите на ЗМРХ, кои се даваат на усвојување на Собранието на ЗМРХ. Се нагласи дека целокупната документација е навремено и уредно подготвена и доставена до надлежните институции. Затворени се и Годишниот информатор и Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2025 година. Се усвоија и кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ за 2026 година, записникот од претходната седница и записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ за 2025 година.

## Христина Грозданоска, нов дописник од Риека

Членовите на Управниот одбор разговараа и за реализацијата на програмските активности во 2026 година. Оваа година се чествуваат неколку јубилеја: 35 години од формирањето на ЗМРХ, на МКД „Илинден“ од Риека и на МКД „Македонија од Сплит и 165 години од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци. Манифестацијата „Илинден 1903-2026“ ќе се реализира на 1 август во „Голубињак“, Горски Котар, изложбата „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ на 29 јуни во Задар, „Денови на глаголицата“ на 3 октомври во Истра, „29. Денови на браќата Миладиновци“ на 10 октомври во Осиек и Ѓаково, „Рацинов ден – Бели мугри“ на 28 ноември во Самобор, „35. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ на 23 мај во Сплит, „Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“ на 14 ноември во Риека и трибината „Хрватско-македонски културни врски“ со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула во текот на годината.



Годинава ќе се печатат 6 броеви на списанието „Македонски глас“ и две книги, „Македонија – Ослободувања“ од Драгољуб Сиљаноски и „Живот во капка роса“ од Милена Златеска. Во програмата за реализација се и проектите „Летно училиште по македонски јазик“ и „Македонскиот јазик е нашиот идентитет – со љубов за браќата Миладиновци“.

Управниот одбор ги разгледа и одобри предлог-програмите за 2027 година, со цел навремена подготовка за Јавниот повик од Советот за националните малцинства на РХ. Се донесе одлука Редовното собрание на ЗМРХ да се одржи на 18 јули во Загреб.

До крајот на седницата беа разгледани повеќе организациски и кадровски прашања, меѓу кои и одлуката за разрешување на досегашниот дописник и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас“ од Риека, Гордана Квајо и именување на нов, Христина Грозданоска. Завршно, се даруваа примероци од книгата „Песна низ вековите“ на Милена Златеска.

Елизабета Петровска

# Со љубов кон македонскиот јазик и браќата Миладиновци

*Проектот ги обедини младите, поезијата и трите големи јубилеи, потврдувајќи дека македонскиот јазик останува најсилната врска меѓу генерациите*





Заедницата на Македонците во Република Хрватска, со финансиска поддршка на Министерството за наука, образование и млади на Република Хрватска, годинава во мај и јуни го реализираше проектот „Македонскиот јазик е нашиот идентитет, со љубов за браќата Миладиновци“.

Водителка и координаторка на проектот беше Ивана Брезовец, претседателка на МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Проектот се состоеше од три фази, а започна на 5 мај 2026 година со објавување на конкурс за поезија за сите ученици од основните и средните училишта во Република Хрватска. Проектот им овозможи на учениците преку поетски творби да оддадат почит на големите преродбеници Димитар и Константин Миладиновци, истовремено откривајќи ја силата и убавината на македонскиот поетски збор.

Како дел од проектот, на 27 мај во Градската библиотека „Анте Ковачиќ“ во Запрешиќ, водителката Ивана Брезовец одржа предавање на тема „Да ја запознаеме Македонија и делото на големите браќа Миладиновци – мост на македонскиот и хрватскиот народ низ вековите“ пред ученици од 5. одделение од ОУ „Људевит Гај“, кои пишуваа песни, со што директно учествуваа на конкурсот за поезија.

## Средба со претседателката Сиљановска-Давкова

Најуспешните учесници на конкурсот беа симболично наградени, а добитниците на првите три места во сите три категории, со водителката Ивана Брезовец, беа гости на јубилејното 65. издание на „Струшките вечери на поезијата“, што се одржа од 24 до 29 јуни во Струга. Посетата на градот на поезијата претставуваше круна на проектот и единствена можност младите ученици од Хрватска одблиску да ја почувствуваат силата на македонскиот јазик, литература и култура.

Во рамките на престојот, учениците имаа прилика да го разгледаат и прекрасниот град Охрид и неговите културни и историски знаменитости. Во вилата „Билјана“ во Охрид, тие заедно со водителката Ивана Брезовец, остварија средба со македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова, која ја поздрави нивната посветеност кон изучувањето на македонскиот јазик и истакна дека токму младите, инспирирани од делото на браќата Миладиновци, придонесуваат за зачувување и афирмација на македонскиот литературен збор. На средбата беше присутна и Милена Златеска, претседателка на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула и членка на Управниот одбор на ЗМРХ.







## Обединети три значајни јубилеи

Како дел од фестивалските активности беа остварени повеќе







средби меѓу кои и средба со раководителката Билјана Костова од Агенцијата за иселеништво, со што уште еднаш беше потврдена успешната соработка меѓу институциите и македонската заедница во Хрватска. Посебен белег на средбата даде ученичката Вида Белужиќ, добитничка на Гран-при наградата на конкурсот, која ѝ подари сопствена уметничка слика како симбол на пријателството меѓу двете земји.

Проектот доби и дополнително признание кога водителката Ивана Брезовец и наградените ученици од Хрватска ја примија престижната „Цветинова награда за мир“, што им ја додели уметникот и хуманист Живко А. Поповски – Цветин како признание за нивниот придонес во промовирањето на македонскиот јазик, поезијата и вредностите на мирот преку уметноста.

Со овој проект се обединија три значајни јубилеи: 165 години од издавањето на Зборникот на браќата Миладиновци во Загреб, 65 години од „Струшките вечери на поезијата“ и 35 години од основањето на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Повеќе од образовен проект, оваа иницијатива се претвори во мост што ги поврза Македонија и Хрватска преку јазикот, поезијата и младите генерации. Обединувајќи три значајни јубилеи и создавајќи нови пријателства, таа уште еднаш потврди дека македонскиот јазик е најсилниот чувар на нашиот идентитет. Таму каде што младите со љубов го учат и го создаваат македонскиот збор, идентитетот не е само спомен од минатото, туку вредност што сигурно чекори кон иднината.

Елизабета Петровска

# Одбележан Денот на македонскиот јазик со посета на Амбасадата во Загреб

По повод 5 Мај – Денот на македонскиот јазик, ученици кои го изучуваат македонскиот јазик и култура од Загреб и од Дуго Село, заедно со своите наставнички, ја посетија македонската Амбасада во Република Хрватска, каде што беа срдечно пречекани.

Во пријатна и непосредна атмосфера, амбасадорот Драган Ѓурчевски ги запозна учениците со улогата на дипломатијата и работата на Амбасадата, истовремено истакнувајќи го значењето на македонскиот јазик како еден од најважните столбови на националниот идентитет, културата и традицијата.

Учениците со голем интерес го следеа разговорот, а имаа можност да се претстават и со кратка програма што ја подготвија за оваа прилика. Поставуваа прашања и покажаа искрен интерес за дипломатската служба и за улогата на македонските дипломатски претставништва во зачувувањето и промовирањето на македонскиот јазик, култура и национални вредности.

Посетата претставуваше посебно доживување за учениците кои имаа можност одблиску да ја почувствуваат поврзаноста со својата татковина и институциите што ја претставуваат. Ваквите средби имаат особена вредност за младите Македонци кои живеат надвор од татковината бидејќи ја зацврстуваат нивната припадност, ја поттикнуваат љубовта кон мајчиниот јазик и ги охрабруваат со гордост да го негуваат и пренесуваат македонскиот јазик на идните генерации.

Одбележувањето на Денот на македонскиот јазик на ваков начин уште еднаш ја потврди важноста на соработката меѓу образовните институции и дипломатските претставништва во зачувувањето на јазичниот, културниот и националниот идентитет на Македонците во дијаспората.

М. Г.






# ЗЕМЈОТРЕСИТЕ СЕ РЕВИЗОР НА НАШИТЕ ГРАДБИ

*Земјотресите се меѓу природните појави кои секогаш го привлекуваат вниманието на јавноста, особено во период кога речиси секојдневно пристигнуваат информации за нови потреси од различни делови на светот. На оваа актуелна тема разговараме со проф. д-р Драгана Черних, која неодамна одржа предавање во Хрватска*

Последните земјотреси во Венецуела, на Филипините и во други сеизмички активни подрачја повторно ги отворија прашањата колку сме подготвени за вакви природни непогоди и што навистина можеме да научиме од нив.

Токму на оваа тема неодамна во Шибеник предавање одржа проф. д-р Драгана Черних, редовен професор по сеизмологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и еден од водечките македонски експерти во областа на сеизмологијата. Во организација на Хрватско-македонската тангента, таа говореше на тема „Што нè учат умерените земјотреси? Скопје 2016 и Загреб 2020“, осврнувајќи се на искуствата од двата града, влијанието на умерените земјотреси врз урбаните средини, ранливоста на инфраструктурата, како и значењето на сеизмолошката подготвеност и разбирањето на ризикот.

По тој повод разговаравме со проф. д-р Драгана Черних за тоа дали зачестените земјотреси низ светот се причина за загриженост, што денес може да предвиди науката, колку се Македонија и Хрватска подготвени за евентуален посилен земјотрес и кои се најважните лекции што умерените потреси ни ги оставаат.

## Сеизмичкиот ризик и асеизмичкото градење

**Неодамна одржавте предавање во Шибеник на тема „Што нè учат умерените потреси“. Која беше главната порака што сакавте да ја пренесете?**

Умерените земјотреси претставуваат значајна можност да научиме нешто за нашата подготвеност во справувањето со вакви катастрофи. Ние не треба нив да ги доживуваме само како непријатни настани бидејќи тие, што како сеизмолог секогаш нагласувам, се најобјективниот ревизор за нашите градби, инфраструктурата, за подготвеноста на институциите за брз и соодветен одговор, но и за нашата свест за сеизмичкиот ризик и почитувањето на прописите за асеизмичко градење, што беше и главната порака.

Во Шибеник ги споредив искуствата од земјотресот чиј епицентар беше во непосредна близина на Скопје во 2016 година и оној во Загреб во 2020 година. И двата потреси покажаа дека дури и умерените земјотреси можат да предизвикаат сериозни оштетувања, особено на постарите објекти, но истовремено ни обезбедуваат драгоцени научни сознанија. Ако правилно ги анализираме тие искуства, можеме да ја подобриме процената на сеизмичкиот хазард, да ги унапредиме градежните стандарди и да бидеме многу подобро подготвени за идни силни земјотреси.

**Дали умерените потреси можат да бидат предупредување за посилен земјотрес во иднина?**

Тоа е прашање што речиси секогаш се поставува по секој почувствуван земјотрес. Одговорот, за жал, не е едноставен. Искуството нè учи, дека умерениот земјотрес сам по себе не претставува сигурен знак дека ќе следи посилен. Во најголем број случаи станува збор за главен земјотрес, по кој следуваат последователни шокови што постепено се намалуваат.

Во ретки ситуации умерениот потрес може да биде претходник на посилен земјотрес, но тоа можеме да го утврдиме дури откако ќе се случи главниот настан и ќе заврши целата серија на земјотреси, која може да трае неколку дена или пак неколку месеци во зависност од раседните структури кои биле активирани и механизмот на жариштето на главниот потрес. Токму затоа современата сеизмологија не се потпира на вакви претпоставки, туку на долгорочни проценки на сеизмичкиот хазард и на постојано следење на активноста на раседите.

## Сеизмолошки мрежи и современи комуникации

**Во последниот период сме сведоци на земјотреси во различни делови од светот, меѓу кои и во Венецуела и на Филипините. Дали ваквата зачестеност значи дека Земјата**

**станува посеизмички активна или едноставно денес побрзо добиваме информации?**

Причината што имаме впечаток дека земјотреси има повеќе е тоа што денес со развојот на науката и создавањето на модерни осетливи сеизмолошки инструменти можат да се регистрираат и најслабите земјотреси со магнитуда блиска до нулата, па сè до најсилните кои се случиле дури и на спротивниот дел од земјината топка. Има и сеизмолошки мрежи кои се поставуваат на дното на океаните, па се следи и сеизмичката активност во тие предели, што секако значајно придонесува во изучувањето на тие простори. Секако и медиумите придонесуваат за пренесување на информациите речиси во реално време. Благодарение на густите сеизмолошки мрежи и современите комуникации, секој земјотрес, без разлика каде ќе се случи, за неколку минути станува светска вест.

По повеќе децениска работа во оваа област можам да кажам дека иако така изгледа, научните податоци не покажуваат дека Земјата денес е посеизмички активна отколку порано. Земјотресите се природна последица на движењето на тектонските плочи, процес кој трае со милиони години.

**Колку современата наука може да предвиди каде и кога ќе се случи земјотрес?**

И покрај големиот напредок на науката, сè уште не можеме прецизно да предвидиме кога и каде ќе се случи земјотрес. Тоа останува еден од најголемите научни предизвици.

Како сеизмолог секогаш нагласувам дека таму каде што имало земјотреси, пак ќе има. На нас останува да ги идентификуваме регионите со повисок сеизмички хазард и да процениме со колкава максимална јачина може да се очекува земјотрес за одреден повратен период во иднина во одредено подрачје. Токму врз тие сознанија се темелат современите прописи за проектирање и градење кои имаат една цел – да се намалат последиците, бидејќи самиот земјотрес не можеме да го спречиме.

## Превенција и едукација

**Македонија се наоѓа во сеизмички активен регион. Колку сме подготвени за евентуален посилен земјотрес?**

Македонија, како и Хрватска се дел од сеизмички активниот Алпско-хималајски ороген појас и затоа земјотресите не се неочекувана појава. Денес сеизмолошката опсерваторија во Скопје располага со современа сеизмолошка мрежа која континуирано ја следи сеизмичката активност на нашата територија и пограничните области, но ги регистрира и посилните далечни земјотреси кои се случуваат на целата земјина топка.

Но, подготвеноста за соочување со последиците од земјотресите не зависи само од мониторингот. Најважни се квалитетното градење, почитувањето на современите сеизмички прописи, процената на сос-

# Безбедноста не се гради по катастрофата, туку многу порано

Која е најважната лекција што умерените земјотреси ни ја даваат, а која како општество сè уште не сме ја научиле?

Можеби најважната лекција е дека безбедноста не се гради по катастрофата, туку многу порано. Секој умерен земјотрес е потсетник дека ризикот е реален и дека имаме време да ги намалиме последиците од идните силни земјотреси.

За жал, интересот за оваа тема најчесто трае само додека земјата се тресе. Потоа повторно се враќаме на секојдневието. А вистинската подготвеност бара континуитет – постојано вложување во научни истражувања, безбедно градење, редовни проверки на објектите и едукација на граѓаните. Земјотресите не можеме да ги спречиме, но можеме значително да го намалиме нивното влијание врз луѓето и материјалните добра. Тоа е суштинската порака што не смееме да ја заборавиме.



тојбата на постојните објекти и постојаната едукација на населението. Уште од најрана возраст, преку едукацијата за земјотресите во основното образование, нивната појава и ризиците, се стекнува свест и навика за однесување во случај на земјотрес. Најголемиот ризик не е самиот земјотрес, туку ранливите гради. Затоа превенцијата секогаш претставува најдобрата инвестиција.

### Дали климатските промени имаат некакво влијание врз појавата на земјотресите?

Во јавноста често се поврзуваат различни природни појави, но според денешните научни сознанија нема докази дека климатските промени ги предизвикуваат тектонските земјотреси. Гледано глобално, тие се резултат на движењето на тектонските плочи, нивната интеракција, субдукцијата (подвлекување на една тектонска плоча под друга) и создавањето на новото океанско дно, како и на процесите што се одвиваат длабоко во внатрешноста на Земјата. Внатре-плочните земјотреси се резултат на движењата на тектонските блокови вдолж раседните линии под дејство на силите на напрегање во земјината кора. Со оглед на тоа што хипоцентрите на земјотресите се во земјината внатрешност на длабочини во земјината кора која е со дебелина од 5 км под океаните до 70 км под високите планински венци, климатските промени немаат значајно влијание.

Постојат научни истражувања кои укажуваат дека големи промени во распределбата на водната или ледената маса можат локално да влијаат врз напрегањето во земјината кора, но тоа не ја менува основната причина за настанување на земјотресите.

Милена Георгиевска

# Нераскинливи врски преку музиката и музичките уметници

***На одржаната трибина во Задар главниот фокус беше ставен врз моќта на музиката како универзален јазик кој ги надминува сите јазични, географски и културни бариери***

Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, на 13 мај 2026 година успешно ја реализираше трибината „Хрватско-македонски културни врски“ на тема „Нераскинливи врски преку музика и музички уметници“.

## Вонвременска музика

Претседателката на МКД „Билјана“ и водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“, Мирјана Мајиќ, подготви и водеше исклучително интересна трибина, која привлече големо медиумско внимание и беше проследена од ХТВ и емисијата „Призма“, како и од „Диадора ТВ“. Програмата започна со претставување на големиот композитор Љубомир Бранѓолица роден во Дубровник, кој никогаш не го заборави своето потекло додека твореше во Македонија, создавајќи вонвременска музика за пејачи, балети и бројни уметнички дела изведувани во двете земји.

Во продолжение, фокусот беше ставен на култниот гитарист Влатко Стефановски, соосновач на групата „Леб и сол“, кој со својот светски уметнички занает редовно настапува во Хрватска. Со посебен пиетет беше споменат и нашиот непрежален Тодор Тоше Проески, кој трагично нè напушти токму во Хрватска; тој соработуваше со бројни хрватски колеги, пееше на двата јазика, а неговите песни живеат и денес.

## Негување на музичкото културно наследство

Како спој на генерациите, Мајиќ на трибината го истакна и младиот пејач Давид Темелков кој живее и твори помеѓу Хрватска и Македонија, уметник кој изгради свој автентичен и препознатлив македонско-хрватски репертоар.

Мајиќ нагласи дека бројни хрватски пејачи настапуваат во Македонија, како што се Данијела Мартиновиќ, Северина, Тони Цетински и многу други, и одлично се прифатени. Таа додаде дека на „Радио 057“ седум години во најавната шпица за емисијата „Македонски час“ се пушташе песната „Македонија“ од Дадо Топиќ.

Заклучокот на присутните беше дека и покрај дигитализацијата, физичката и емотивната врска меѓу музичарот и неговиот инструмент останува незаменлива и автентична. Музиката и понатаму останува најсилната алка за кохезија меѓу различните генерации.

Организаторите изразија огромно задоволство од настанот и најавија дека ваквите дискусии ќе продолжат и во иднина, со цел да се зачува и негува музичкото културно наследство.



Трибината беше одржана под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Антонела Галиќ

# Изложба „Фотографија – тоа сум јас“ на Гордана Квајо во Задар

*Во изложбениот простор на Градската библиотека во Задар на 29 јуни 2026 година, Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар, во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, свечено ја отвори изложбата „Фотографија – тоа сум јас“ од авторката Гордана Квајо*



Изложбата е дел од културната манифестација „Творештво на македонски уметници во Хрватска“, чија цел е афирмација на творештвото на македонските автори кои живеат и создаваат во Хрватска.

Пред бројните членови на македонските друштва, љубители на фотографијата и гости, претседателката на МКД „Билјана“, Мирјана Мајиќ, ги поздрави присутните и истакна дека оваа манифестација претставува значаен придонес во промоцијата на македонската култура и уметност во Хрватска, како и можност за меѓусебно поврзување на македонските културни друштва.

Авторката Гордана Квајо, членка на Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека, се претстави со 24 фотографии, изложени во прекрасниот изложбен простор на библиотеката. Нејзините фотографии, инспирирани од природата, архитектурата, секојдневниот живот и миговите што оставаат силен впечаток, сведочат за нејзината љубов кон фотографијата и способноста преку објективот да ја долови убавината на светот што ја опкружува.



## Уметнички израз

За творештвото на Гордана Квајо говореше нејзиниот син и промотор на изложбата, Дамир Квајо, кој ја претстави авторката не само како фотограф, туку и како личност што преку своите фотографии раскажува приказни исполнети со емоции, чувствителност и искреност. Тој нагласи дека фотографијата за неа е начин на живот, средство за комуникација и уметнички израз, што најдобро го отсликува и самиот наслов на изложбата – „Фотографија – тоа сум јас“.

Изложбата беше проследена со голем интерес од посетителите кои имаа можност непосредно да разговараат со авторката и да уживаат во делата што ја потврдуваат нејзината долгогодишна посветеност кон фотографската уметност.

Манифестацијата „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ продолжува да биде важен мост за презентација и зачувување на македонскиот културен идентитет, истовремено збогатувајќи ја културната сцена во Хрватска.

Покровител на изложбата, која можеше да се разгледа до 11 јули, е Советот за националните малцинства на РХ.

Антонела Галиќ



# 35 години работа, посветеност и љубов кон Македонија

*Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит прослави 35 години постоење*



Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит веќе цели 35 години претставува едно од најважните и најпрепознатливо културно средиште на Македонците кои својот животен пат го продолжиле во Република Хрватска, во градот Сплит и пошироко во Сплитско-далматинската жупанија. Од своето основање во 1991 година, постојано и посветено работи на зачувување, негување и промовирање на македонската култура, традиција, јазик и духовни вредности, претставувајќи вистински мост меѓу татковината и дијаспората.

## Силна заедница

Во текот на три и пол децении постоење, МКД „Македонија“ се изгради како силна заедница која не само што ги обединува Македонците во Сплит, туку и активно придонесува за мултикултурниот живот во градот. Низ бројни културни настани, концерти, изложби, литературни вечери, фолклорни настапи и хуманитарни акции, Друштвото ја пренесува богатата македонска традиција и ја доближува до пошироката јавност во Хрватска.

Особено значајно е што преку својата работа Друштвото се обидува да ја зачува врската и со новите генерации Македонци родени и израснати надвор од татковината. Преку фолклорните и пејачките секции и учењето на македонскиот јазик младите членови имаат можност да научат за македонската култура, македонските народни песни, ора, носии и обичаи, со што се гради силно чувство на припадност и национален идентитет. Токму ова пренесување на културното наследство од генерација на генерација претставува една од најважните мисии на Друштвото.

## Јубилеј

Големиот јубилеј – 35 години постоење – свечено беше одбележан во рамките на манифестацијата „35. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“, која традиционално се одржува по повод 24 Мај – Денот на светите браќа Кирил и Методиј, просветители на словенските народи и творци на првата словенска азбука – глаголицата. Во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска и под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, свечената академија се одржа во просториите на Надбискупската семинарија во Сплит и собра голем број членови, пријатели, гости и почитувачи на македонската култура.

Настанот беше исполнет со богата и разновидна културно-уметничка програма. Публиката имаше можност да ужива во настапите на фолклорната и пејачката секција на МКД „Македонија“, кои повеќе од две децении успешно работат под стручното водство на Олга Барбир и Блага Масачеси. Нивните изведби на традиционални македонски песни и ора уште еднаш ја истакнаа убавината, емоцијата и длабочината на македонското културно наследство, предизвикувајќи големи апла-







узи и силни емоции кај присутните. Посебна радост и впечаток остави настапот на гостите од театарот „Премиера“ од Велес, предводени од директорката Анета Станчева Мирчева. Младите уметници прикажаа сценски перформанс посветен на светите браќа Кирил и Методиј, кој на креативен и современ начин ја пренесе нивната мисија на просветлување, писменост и духовно обединување на словенските народи. Публиката со воодушевување ја проследи изведбата, наградувајќи ги младите актери со долг и искрен аплауз.

## Негување на јазикот и традицијата

Во музичкиот дел од вечерта настапи познатиот македонски изведувач Давид Темелков, кој со своите емотивни интерпретации на песните „Мојата Македонија“ и „Налеј, налеј“ внесе посебна топлина, гордост и носталгија меѓу присутните. Неговите изведби ја заокружија свеченоста во дух на заедништво, љубов и силна поврзаност со татковината. Посебно значајно учество на свеченоста имаа и учениците од ОУ „Скалице“ од Сплит, кои го изучуваат македонскиот јазик и култура под водство на наставничката по македонски јазик, Милена Георгиевска. Тие со своето присуство и настап уште еднаш ја потврдија важноста на учењето и негувањето на македонскиот јазик меѓу младите генерации во дијаспората.

Нивната посветеност и интерес за македонската култура претставуваат надеж за иднината и гаранција дека јазикот и традицијата ќе продолжат да се пренесуваат и зачувуваат и во годините што доаѓаат.



## Улогата на МКД „Македонија“

Свечената академија беше збогатена со присуство на бројни истакнати личности од јавниот и општествениот живот. Меѓу нив беа пратеникот Армин Хоџиќ, македонскиот амбасадор во РХ, Драган Ѓурчевски, протојереј-ставрофор Кирко Велински, заменик-градоначалникот на Сплит, Иво Билиќ, како и претставникот на Сплитско-далматинската жупанија, Мислав Вушковиќ.

Во своите обраќања, тие ја нагласија исклучителната улога на МКД „Македонија“ во зачувувањето на македонскиот идентитет, јазик и култура во дијаспората, истакнувајќи дека неговата работа претставува пример за успешно културно организирање и меѓународно поврзување.

## Визија

Друштвото изразува длабока благодарност и искрена почит кон сите основачи и поранешни членови кои во изминатите години го поставиле темелот на ова значајно културно здружение. Нивната визија, љубов кон татковината и македонската култура, како и нивната пожртвуваност и истрајност, биле клучни за формирањето и развојот на МКД „Македонија“ во Сплит. Благодарение на нивниот труд и ентузијазам, денес Друштвото постои како силна и препознатлива организација која успешно ја чува и промовира македонската традиција. Со особена почит се сеќаваме на сите кои вложиле дел од себе за оваа идеја да опстане и да се развива, оставајќи трајна вредност за идните генерации.

Одбележувањето на 35-годишнината од постоењето на МКД „Македонија“ од Сплит претставува не само осврт кон минатото, туку и силен поттик за иднината. Овој јубилеј уште еднаш потврди дека љубовта кон татковината, културата и јазикот остануваат трајна вредност која ги поврзува генерациите, без оглед на далечината. Друштвото продолжува со својата мисија – да ја чува македонската традиција, да ја негува културната разноликост и да гради мостови на пријателство меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Со нова енергија, ентузијазам и силна посветеност, МКД „Македонија“ влегува во следните години од своето постоење со јасна визија дека македонскиот дух во дијаспората ќе продолжи да живее и да се развива.

Марта Жаја

# Македонска песна на аматерска музичка средба

Со звуците на македонската народна песна и оваа година беше збогатена манифестацијата „49. Средби на загрепските музички аматери“, што се одржа на 17 мај во „Центарот за култура – МО Пречко“ во Загреб. На манифестацијата која се реализира во организација на Загрепскиот музички подиум и Центарот за култура Трешњевка, 15 години по ред учествува и пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб.

Оваа традиционална културна манифестација претставува вистински празник на аматерското музичко творештво, славејќи ја посветеноста, талентот и креативноста на музичарите од Загреб. Воедно, на ансамблите им овозможува својата годишна работа да ја претстават пред Градската канцеларија за култура, како и пред бројната публика. Загрепските хорови, инструментални и вокални состави настапуваат на повеќе концертни сцени низ градот, промовирајќи ја богатата аматерска музичка традиција. Во рамките на програмата се одржува и квалификациски концерт за државната Средба на хрватските пејачки хорови, во организација на Хрватскиот сабор за култура.

Под уметничко водство на Сафиудин Алимоски и во придружба на Иван Брадиќ на гитара и Стефко Качуров на џембе, „Момите бисерни“ се претставија со изведбите на македонските народни песни „Ај изникна ми бадем дрво“ и „Девојче, девојче“. Нивниот настап беше поздравен со громогласен аплауз од присутните, меѓу кои беше и претседателката на Друштвото Ивана Брезовец, а стручната комисија упати пофални зборови и позитивна критика за интерпретацијата и автентичниот музички израз.



Во свечена атмосфера, на манифестацијата настапија и КУД „Жумберчани“, пејачкото друштво „Нови Загреб“, Женскиот пејачки хор „Даница“, КУД „Никола Тесла“ и ДО „Жељезничар“.

Е. П.

# Книжевноста поврзува: Помеѓу ломови и мостови

Меѓународната книжевна и културна манифестација „Загрепски фестивал на книгата“ (Zagreb Book Festival), која го слави пишаниот збор и ја промовира културата на читање, годинава се одржа од 11 до 15 мај. На отворањето во Културно-информативниот центар во Загреб првата програма беше посветена на темата „Книжевноста поврзува: Помеѓу ломови и мостови“. Програмата ја отвори водителката Морана Касаповиќ, а Сања Баковиќ разговараше со гостите Сибила Петлевски, Дорта Јагиќ и Ивица Цикиќ, поети и прозаисти кои ги претставија своите нови дела.




На настанот Сибила Петлевски го претстави својот нов роман „Духовите на земјата“, роман-сага за сестрите Баковиќ. Романот го опиша како магично-реалистички мост помеѓу фактот и фикцијата и прочита извадок од него.

Сибила Петлевски е хрватска поетеса, прозаист, драматург, изведувач, научник, универзитетски професор, уредник и преведувач. Има македонско потекло, ќерка е на познатиот македонски сликар Ордан Петлевски. Родена е и живее во Загреб. Доктор е на филолошки науки и редовен професор на Академијата за драмски уметности при Универзитетот во Загреб. Автор е на дваесетина книги од различни жанрови. Пишува на хрватски и англиски јазик. Нејзините дела се преведени на десетина светски јазици, а дел од нив се преведени и на македонски јазик. Настапувала на бројни меѓународни книжевни фестивали и добитник е на врвни меѓународни награди и признанија. Почесен член е на Друштвото на писатели на Македонија и член надвор од работниот состав при Македонската академија на науките и уметностите.

Е. П.

# Единство, визија и посветеност за иднината на македонската култура

*Редовното годишно собрание ја потврди заложбата на МКД „Охридски бисер“ за зачувување на културното наследство, со младите како најважната алка во неговото продолжување*



Во атмосфера на одговорност, заедништво и посветеност кон идните активности, на 25 јуни 2026 година, во просториите на Чешка беседа во Загреб, Македонското културно друштво „Охридски бисер“ го одржа своето Редовно годишно собрание.

Членовите активно учествуваа во разгледувањето и усвојувањето на документите што ја претставуваат работата на Друштвото во изминатиот период, а воедно беа утврдени и приоритетите за наредните активности. Поради отсуството на претседателката Ивана Брезовец, со седницата претседаваше потпретседателката Виолета Штерјова, со поддршка од записничарот Јангел Малинов и членот Орце Митрев.

## Конструктивна дискусија

Во рамките на Собранието беше презентиран Извештајот за работата во текот на минатата година, по што членовите низ конструктивна дискусија ги оценија постигнатите резултати и ги потврдија насоките за понатамошен развој. Едногласно беа усвоени Извештајот за работата на Друштвото и Годишниот финансиски извештај за 2025 година, како потврда за успешното и одговорно работење.

На дневен ред беа и Планот и програмата за работа, како и Финансискиот план на приходи и расходи за 2027 година, кои добија поддршка од присутните членови. Со доследност, ентузијазам и искрена љубов кон македонските вредности, МКД „Охридски бисер“ продолжува да ја исполнува својата задача – да го негува културниот идентитет, да ја афирмира традицијата и да го промовира богатото македонско културно наследство.

Посебен акцент во работата на Друштвото и понатаму се става на младите, кои претставуваат најголемата надеж за иднината на македонската заедница. Токму тие ќе бидат чувари на јазикот, културата и традицијата, а наша обврска е да им пренесеме вредности што ќе ги водат и инспирираат. Зашто културното наследство не се мери само со она што е зачувано, туку и со она што ќе продолжи да живее преку новите генерации.

Елизабета Петровска

---

# „Mind(e)scapes“

Изложбата со назив „Mind(e)scapes“ на Асоцијацијата за култура ИКОН од Скопје, а поддржана од македонското Министерство за култура и туризам, беше отворена на 26 мај 2026 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб.

На изложбата се претставија дела на четворица современи македонски уметници: Ѓорѓе Јовановиќ, Јасмина Главинче, Владимир Лукаш и Вук Митевски. Преку цртеж, слика, графика, илустрација и анимациски имагинариум, авторите ги истражуваат внатрешните пејзажи, личните состојби, сеќавањата и фрагментите на современото искуство.

Публиката и гостите ги поздрави директорката на МКИЦ, Мими Ѓорѓоска Илиевска, нагласувајќи дека целта на проектот е создавање дијалог меѓу индивидуалните поетики на авторите и поширокиот културен контекст, нагласувајќи ја улогата на уметноста како средство за комуникација, интроспекција и општествена рефлексија.

На присутните им се обрати и кураторката на изложбата, Марија Коробар, истакнувајќи дека изложбата се фокусира на менталниот пејзаж како уметнички мотив и истражувачка алатка – како визуелизација на процесот на размислување, чувствување и спознавање.

Е. П.



# Вредностите на мултикултурализмот, толеранцијата и меѓусебното разбирање

*„Порто Етно 2026“ претставува едно од најзначајните мултикултурни случувања во Риека*



Фестивалот се одржа од 20 до 23 мај 2026 година и го прослави своето 10. јубилејно издание. Од своето основање во 2017 година, Порто Етно прерасна во препознатлив меѓународен фестивал посветен на „World Music“ музиката, етно традициите, гастрономијата и културната разновидност.

## Музика, храна и уметност

Неговата главна мисија е преку музика, храна и уметност да ги промовира вредностите на мултикултурализмот, толеранцијата, меѓусебното разбирање и почитувањето на различностите. Фестивалот се одржа на неколку различни локации во градското централно подрачје меѓу кои: ХКД „Сушак“, „Клуб Палах“, „Корзо“, „Конт“ и „Клуб Мануал“.



Ваквиот концепт овозможува фестивалот да стане дел од секојдневието на градот и да привлече разновидна публика.

Музичката програма беше едно од главните обележја на фестивалот. Настанот започна со концерт „Voices in Etno“, на кој настапија реномирани музичари и вокални изведувачи од етно и „World Music“ сцената, придружени од Порто Етно оркестарот под раководство на Зоран Мајсторовиќ. Во текот на фестивалот настапија и португалската уметница Ана Луа Кијано и хрватскиот состав „GRUNT“.



## Парада

Посебно внимание привлече Порто Етно парадата која помина низ центарот на Риека, поточно низ риечкото корзо. Во неа учествуваа бројни културни друштва и заедници на националните малцинства, претставувајќи ги своите носии, музика, танци и обичаи. Парадата симболично ја покажуваше богатата културна разновидност на регионот. Меѓу учесниците, покрај МКД „Илинден“, беа и припадниците на: српската, албанската, црногорската, украинската, италијанската и чешката национална заедница, а посебно атрактивни беа претставниците од Филипините.

Гастрономијата претставува уште еден важен сегмент на фестивалот. Во рамките на програмата посетителите имаа можност да дегустираат традиционални јадења од различни земји и култури. МКД „Илинден“ како и секојпат досега на своите верни посетители им понуди богат избор од надалеку прочуената македонска кујна. На нивниот штанд се најдоа неизоставното тавче-гравче, турли-тава, спанаќ со ориз, сарма од винова лоза, многу други готвени јадења, како и разно-разни десерти. Покрај екипата задолжена за готвење и послужување на гостите, настанот го надополнија пејачката и фолклорната секција, како и оркестарот на „Илинден“, кои со својот настап на сцената на Порто Етно дополнително ја подигнаа атмосферата на фестивалот.

Вредно за споменување е и организирањето на изложбата под наслов „10 години Порто Етно“ поставена на риечкото корзо. Изложбата преку фотографии и архивски материјали ги прикажа најзначајните моменти од историјата на фестивалот, неговиот развој и влијанието врз културниот живот на Риека.

Христина Грозданоска

# Граѓанска енергетика – размена на искуства

*Во рамките на студиската посета на Република Хрватска, посветена на развојот на граѓанските енергетски заедници, делегација од шест македонски општини на 18 јуни 2026 година го посети Општествениот центар „Дренова“ во Риека*



Во состав на делегацијата беа градоначалниците на Битола, Кичево, Новаци и Демир Капија – Тони Коњановски, Александар Јовановски, Стевче Стевановски и Наталија Димитриева, заменик-градоначалниците на Куманово и Вевчани, Емилија Сларидис Јаневска и Зоран Радиноски, како и координаторот за енергетски проекти во еко-свест, Жарко Конески.

Станува збор за работна посета со цел запознавање на стручњаците за енергетика со хрватскиот модел на енергетската граѓанска заедница и размена на идеи и искуства, која се одржа во организација на Здружението без граници и Енергетската заедница на Северен Јадран.



## Обостран интерес

Заменик-градоначалникот на Риека, Александар Саша Милаковиќ, ги поздрави гостите од Македонија и нагласи дека развојот на граѓанската енергетика е од голема важност за градот Риека.

Низ предавања беа претставени резултатите од проектот „Life Discover“, поддржан од градот Риека кој е и корисник на услугите. Пренесувањето на искуствата на Енергетската заедница на Северен Јадран овозможува разбирање на достапните алатки како и трансфер на знаење во Македонија. Пројавениот обостран интерес за темата енергетика и развиената дискусија за понатамошниот развој на граѓанската енергетика во Хрватска и во Македонија, наговести интензивна соработка на ова подрачје во иднина.

## Посета на МКД „Илинден“

Во продолжение на посетата, градоначалниците ја искористија можноста и за посета на МКД „Илинден“ и средба со претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Илија Христодулов.

Во исклучително пријатна и динамична атмосфера, гостите имаа можност да се запознаат со историјатот и функционирањето на „Илинден“ и начинот на функционирањето на македонското национално малцинство во рамките на Република Хрватска на правно, културно и социјално ниво. „Илинден“, како прво формирано македонско друштво на територијата на Република Хрватска со своето 35-годишно искуство преку генерациите кои го создавале и оние кои продолжуваат да го живеат и негуваат, е неповторлив амбасадор на македонштината, чувар и негувател на културата, традицијата и обичаите, промотор на македонскиот идентитет, писмото и јазикот, истакна Илија Христодулов, во својот поздравен говор и упати отворена можност за идна соработка со секоја општина во Македонија.

Христина Грозданоска



# Чествување на солунските браќа

*Со свечена академија одржана во просториите на МКД „Илинден“ годинава беше одбележан 24 мај – Денот на Словенските просветители, браќата Кирил и Методиј*



Во рамките на годишната програма на МКД „Илинден“, почесно место зазема одбележувањето на 24 Мај – Денот на Словенските просветители, браќата Кирил и Методиј. Оваа година беше одбележан со две активности: свечена академија и посета на Глаголската стаза на островот Крк и Башчанската плоча.

На свечената академија, по изведбата на химната посветена на Солунските браќа, на присутните и гостите им се обрати претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски. Во своето обраќање таа ја потенцираше важноста на јазикот и писмото за зачувувањето на националниот идентитет на македонскиот народ. Во својот говор Дуноски ја искористи можноста уште еднаш јавно да упати благодарност до Владата на Република Хрватска, Министерството за наука и образование на РХ, како и до жупаниската и градската власт за можноста и поддршката кои ѝ ги даваат на македонската национална заедница за изучување на македонскиот јазик по моделот Ц во ОУ „Центар“ и во Првата Сушачка гимназија. На тој начин директно придонесуваат за зачувувањето на македонскиот јазик, традиција и култура.



## Предавање

Гостин предавач на свечената академија по повод 24 мај беше м-р Биљана Стојановска-Ѓуриќ, докторантка и лектор на Катедрата по македонистика при Филозофскиот факултет во Риека, која со своето интересно предавање успешно ја пренесе историјата за животот и делото на светите браќа Кирил и Методиј.

Светите браќа Кирил и Методиј се родени во градот Солун во 9. век. Потекнувале од угледно византиско семејство. Постариот брат Методиј е роден околу 815 година, а помладиот Кирил (со световно име Константин) околу 826/827 година. Методиј најпрво работел во една словенска област во Византија, а подоцна се замонашил. Кирил бил исключително образован, студирал филозофија и теологија во Цариград и поради својата ученост бил нарекуван „филозоф“. Работел како професор и мисионер. Во 863 година по барање на моравскиот кнез Ростислав, византискиот цар Михаил Трети ги испратил Кирил и Методиј во Велика Моравија за да го проповедаат христијанството на разбирлив словенски јазик. Така за-



почнала познатата Моравска мисија која за цел имала ослободување од влијанието на германското свештенство и создавање јазик и писмо со кои ќе се вршат богослужби разбирливи за словенските народи. Моравската мисија успешно била спроведена, а нивното дело продолжува да живее преку кирилицата, книжевноста и културното наследство на сите словенски народи.

Кирил починал во Рим 869 година, а Методија ја продолжил нивната мисија и починал во Моравија во 885 година.

## Делото на Кирил и Методиј

Најголемото дело на светите браќа е создавањето на првата словенска азбука – глаголицата. Со ова писмо тие овозможиле словенските народи да читаат и пишуваат на својот јазик. Превеле голем број богослужбени книги и дел од Светото писмо од грчки на старословенски јазик. Со тоа ги поставиле темелите на словенската писменост и книжевност.



Нивните ученици меѓу кои најпознати се Свети Климент Охридски и Свети Наум Охридски ја продолжиле нивната просветителска дејност во рамките на Охридската книжевна школа, каде подоцна ја развиле кирилицата која и ден денес ја користат многу словенски народи. Поради нивниот огромен придонес кон словенската култура и христијанството, браќата Кирил и Методиј се нарекуваат „Словенски просветители“ и „Апостоли на Словените“.

## По глаголската стаза на островот Крк

Глаголската патека во Башка на островот Крк е еден од најзначајните културно-историски симболи на Република Хрватска. Патеката е украсена со камени скулптури кои ги претставуваат буквите од глаголицата – најстарото словенско писмо создадено во 9. век од светите браќа Кирил и Методиј. Таа води низ прекрасната Башќанска долина, а посетителите имаат можност да уживаат во убавите глетки, пејзажи и медитеранската вегетација. По должината на патеката се поставени 34 камени букви, започнувајќи од преминот Трескавец, па сè до крајбрежјето на Башка. Секоја буква е изработена од камен, традиционален материјал карактеристичен за островот Крк и има свое симболично значење. Островот Крк со векови бил едно од најважните жаришта на глаголското писмо, а бројните натписи, ракописи и документи сведочат за неговата долготрајна употреба.





## Пригодна програма

Членовите на МКД „Илинден“ заедно со своите гости, учениците по хармоника од музичкото училиште „Иван Матетиќ – Роњги“ од Риека и пријателите од МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, како и учениците по македонски јазик од ОУ „Центар“ се претставија со пригодна програма пред посетителите на овој настан. За место на настанот беше одбрано предворјето на црквата „Св. Луција“ во местото Јурандвор во близината на Башка.

Оваа црква е од посебна важност бидејќи во неа била пронајдена Башќанската плоча, еден од најзначајните споменици на хрватската и словенската писменост. Станува збор за камена плоча изработена околу 1100 година за време на владеењето на кралот Звонимир. Плочата содржи повеќе од 400 глаголски знаци распоредени во 13 редови текст. Нејзината историска вредност е огромна, бидејќи во неа за прв пат се споменува хрватското име на народот. Текстот зборува за дарување на земјиште на бенедиктанскиот манастир „Св. Луција“ и претставува важен правен и историски документ од средниот век. Башќанската плоча е симбол на хрватската писменост и културен идентитет. Поради нејзината исклучителна вредност, оригиналот денес се чува во Академијата на науките и уметностите во Загреб, додека во црквата „Св. Луција“ е поставена верна копија која можат да ја видат посетителите.

Христина Грозданоска

# Името е свето

На 24 мај, Денот на св. Кирил и Методиј, Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула го прослави својот имениден во Башка, на островот Крк заедно со Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека. По трет пат во заедничка организација на овие две друштва се организира богата програма пред црквата „Св. Луција“ во Јурандвор.

Програмата започна со поздравните зборови на двете претседателки, Милена Златеска од Пула и Ивона Дуноски од Риека, и од двете поздравот беше во името на сите македонски асоцијации. Програмата ја започнаа членовите на МКД „Илинден“ со хорот, фолклорот и оркестарот, како и детската група. Учениците кои посетуваат настава по македонски јазик од двете друштва настапија заедно. Друштвото „Св. Кирил и Методиј“ од Пула се претстави со неколку македонски песни на мешовитиот хор, а Милена Златеска ја прочита својата песна „На крилјата свои“. По завршувањето на програмата сите присутни продолжија да се дружат со песна и оро.

М. З.



# Гласот на Словените во Истра

Вечерта на словенската поезија во Пула ги спои јазикот и културата на 19 април во галеријата „Талисман“. Оваа вечер не беше само книжевна средба, туку спој на јазици, емоција и традиција. Низ стиховите на хрватски, словенечки, македонски, руски, белоруски, српски, словачки, полски, бошњачки и црногорски јазик беше презентирана убавината на мајчиниот јазик преку стиховите на учесниците, како и богатството на културната различност.

Стихови читаа: Барбара Вижинтин, Милена Златеска, Ивна Беванда, Ирина Самоиленко, Бојана Хробат, Душанка Бабиќ, Агниесзка Бербер, Кристина Серафимовиќ, Вукосава Савиќ Румац и Ксенија Дегтиарева. Музичкиот настап на Леа Малевиќ ја збогати оваа вечер и ги поврза поезијата и музиката. На настанот беа присутни и претставници на националните малцинства од Истра, српското, македонското и црногорското, како и други организации и здруженија кои работат во Истра. Ова беше уште едно големо богатство на презентирани јазици на малцинствата, на искажани емоции преку стихот на песната, и едно богатство на заедничка култура.

М. З.



# „АЈДЕ!“ со овации во Загреб

Преполна сала, долги овации и силни емоции ја одбележаа изведбата на современата танцова претстава „АЈДЕ!“, која се одржа на 5 јуни 2026 година во Загрепскиот танцов центар, во организација на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб и во соработка со „Motion Network“ продукција и ЗТЦ, а со поддршка на македонското Министерство за култура и туризам, Општината Штип и „ЕАМ“ од Штип.

Автори и кореографи на претставата се Игор Киров и Бојан Мицев, која преку современ сценски израз отвора универзални теми за љубовта, слободата, припадноста и предизвиците наметнати од општествените норми. „АЈДЕ!“ ја води публиката низ богатата култура на ромската заедница. Сместена во атмосферата на празникот Едерлези / Ѓурѓовден (ден на радост, будење на природата, нов живот, пријателство и заедништво), претставата раскажува за неостварената љубов во доминантно патријархална средина и ги оживува ромската музика и фолклор на сцената. Изведувачи се Јована Зајкова, Лука Ѓоргиевски, Илијана Данилов, Андреј Димоски, Бојана Арсовска и Нина Петрушевска.

Пред почетокот на претставата, на присутните им се обратија директорката на МКИЦ, Мими Горгоска Илиевска, директорката на ЗТЦ, Александра Мадсен и кореографот Игор Киров, еден од најистакнатите македонски балетски уметници и кореографи со светско реноме во доменот на модерниот танц, кој има постигнато врвни уметнички остварувања на меѓународната балетска сцена. Од 2016 до 2020 година, Игор Киров беше уметнички директор на балетот на Хрватскиот народен театар во Сплит.

Воодушевеноста на публиката покажа дека „АЈДЕ!“ е дело кое комуницира силно и непосредно со гледачите, без оглед на националните и културните граници.

Е. П.



# Изложба „NEPENTHE – Еликсир од Земјата на Сонцето“

*Во соработка на Археолошкиот музеј од Македонија и Археолошкиот музеј од Истра беше отворена изложбата „NEPENTHE – Еликсир од Земјата на Сонцето“ во галеријата „Ц8“ во Пула на 29 мај*

Изложбата ја отвори македонскиот амбасадор во Република Хрватска, Драган Ѓурчевски, а присутните ги поздравија началничката на Управното одделение за култура и цивилно општество, Паола Орлиќ, како и раководните лица од двата музеја.

## Статусот на жените во Пеонија

Изложбата го прикажува статусот на жените во Пеонија. Покрај изложбата е претставен и документарен филм кој зборува за лечењето на луѓето во железното време, верувањата и обредите, а и користењето на природата за лечење на телото и духот. Непентхе е митски напиток кој донесува заборавање и ослободува од тага и болка, а во овој случај станува збор за мак, билка на светлото која брзо расцветува во време на летото кога сонцето е во својот зенит. Тогаш луѓето верувале дека макот ја „апсорбира“ сончевата енергија во својот сок (опиумот). Непентхе е народен назив за афион (мак).

На изложбата, предавање одржа д-р Александра Папазовска. Акцентот на изложбата е на жената како свештеник исцелител во општеството на железното доба. Во нивните гробови пронајдени се предмети и накит кои упатуваат на тоа дека не се обични жени од племето. Пронајдени се на најголемите археолошки ископини покрај Валандово каде што се документирани околу 403 гроба кои потекнуваат од касен 8. до касен 6. век пред новата ера. Вакви локалитети има и во Гевгелија, и во денешна Грција. Напредокот на таа заедница во тоа време се карактеризира со експлоатацијата на рудниците на бакар и железо. Во гробниците од покојните често се наоѓаат предмети од бронза, стакло или јантар, а поретко сребро и злато, а кај мажите претежно оружје.



## Жените свештеници исцелители

Забележана е голема разлика кај обичните жени и жените свештеници исцелители, како и добростоечките семејства. На изложбата се претставени 4 гробови на богати жени што датираат од касен 8. до ран 7. век пред новата ера, а кои се пронајдени на локацијата Лисичин Дол во долината на Вардар.

На отворањето на изложбата беа присутни и директорката на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, Мими Ѓоргоска Илиевска, претставничката на македонското национално малцинство во Истарската жупанија, Сашка Соломоновска Јаневска, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, Орце Стојкоски и претседателката на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, Милена Златеска, како и членови на Друштвото.

Михаела Златеска



# Фестивал на мултикултурата во Истра

*Оваа манифестација слави соживот, толеранција и богатство на култура во Истра, а во одбележување на Денот на Европа, 9 мај*



Иовааа година беше одржан Фестивалот на мултикултурата во Истра, во Водњан на 21 мај, 11. по ред, во организација на Истарската жупанија, поточно Управниот оддел за италијанската автохтона заедница, националните малцинства и младите на Истарската жупанија.

Годинава се претставија 12 национални малцинства со песна, оро, обичаи и традиционални јадења. Низ сите 11 години учество зема и Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула. Оваа година настапи со мешовитиот хор и оркестарот со водителот Зоран Гардашевиќ, и со фолклорот под водство на Драгица Мартиовиќ. И, секоја година има презентација на македонски вина, мастика и традиционални јадења.

Богатата трпеза ја посетија сите малцинства и ги пробаа вината. Имаше македонски ѓеврек, гравче тавче, мусака, селско месо, бел ориз, посебна македонска погача, макало, баклава, раванија и ред други јадења. За оваа богата трпеза посебно беа заслужни Мимоза Димовски, Биљана Стефановска, Велика Ристоска, Бранка Рожман, Милена Златеска и други. Традиционалното јадење го презентираше Ратко Златески.

На многубројната публика ѝ се обратија жупанот на Истарската жупанија, Борис Милетиќ, и градоначалникот на Водњан, Игор Орлиќ. Во посета на поставените маси беа и заменичката на истарскиот жупан, Цесика Аквавита, и началничката на Управниот оддел за италијанската автохтона заедница, националните малцинства и младите во Истра, Теа Бател.



## Препознатлива традиција

Милетиќ, како и секогаш, вели дека малцинствата во Истра се богатство и дека овој Фестивал на мултикултурата стана важна и препознатлива традиција во Истра.

„Темата на националните малцинства и нивниот придонес за нашиот културен идентитет посебно ни е важна, а тоа го потврдуваме со конкретната поддршка од жупанискиот буџет. Фестивалот на мултикултурата е место каде што друштвата на националните малцинства можат на граѓаните, а и на сè поголем број туристи, да им ги претстават својата култура, традиција и обичаи. Токму таа разноликост на различни јазици, носии, јадења и обичаи ја претставува големата вредност на Истра. Горд сум што негуваме заеднички живот и уважување, гледајќи ги луѓето онакви какви се, независно од разликите. Токму затоа можеме да бидеме пример не само во овој дел на Европа, туку и во целиот свет“, рече Милетиќ.

Градоначалникот на Водњан, Игор Орлиќ, рече дека Водњан е со богата историја и традиција, простор и центар на средби на различни култури, јазици и обичаи и токму таа различност е темел на нашиот идентитет, а тоа е снага која нè поврзува.



Заменичката на истарскиот жупан, Цесика Аквавита, вели дека Фестивалот на мултикултурата во Истра е една разгледница за начинот на животот во Истра и за тоа како ја почитуваме меѓусебната различност, на што сме посебно горди. Теа Бател ја посочи важноста за чување и промоција на различноста во Истра.

Разновидната програма ги потврди кажаните зборови. Најбитното во сè ова е кога на крај сите заедно играат, се почитуваат, а и се горди на своето „јас“.

Михаела Златеска

# Примери на добра практика

***Во Нашице од 13 до 15 мај 2026 година се одржа Државниот стручен собир на воспитно-образовните работници на националните малцинства во Република Хрватска, на кој активно учествуваа и наставничките по Македонски јазик и култура според моделот Ц – Деспина Белчовска Велинска, Сашка Соломоновска Јаневска, Маја Јовановски и Ивана Брезовец***

Во рамките на стручниот собир тие одржаа предавање на кое ги претставија примерите на добра практика од наставата по Македонски јазик и култура, прикажувајќи современи наставни методи, и успешни активности и искуства стекнати во работата со учениците. Нивното излагање предизвика интерес кај присутните и поттикна размена на идеи и искуства меѓу наставниците од различни национални малцинства.

Собирот беше насловен „Вештачката интелигенција во служба на зачувување на јазикот на националните малцинства: од дигитални корпуси до персонализирано учење“.

На настанот беше истакнато дека јазиците на националните малцинства се разновидност на образовниот систем во Хрватска. На отворањето, присутните ги поздравија директорот на Управата за национални малцинства во Министерството за наука, образование и млади на РХ, Нандор Чапо, и собранискиот застапник за чешкото и словачкото национално малцинство, Владимир Билек.

Посебно активна улога на собирот имаше Милан Вукелиќ, началник на Секторот за образование на јазикот и писмото на националните малцинства при ресорното Министерство.

Преку стручни предавања и заеднички активности, учесниците стекнаа нови знаења, разменија драгоцени искуства и дополнително ја зајакнаа меѓусебната соработка.

Ваквите собири претставуваат значајна можност за професионално усовршување на наставниците и придонесуваат за унапредување на наставата, како и за зачувување и негување на јазичниот, културниот и националниот идентитет на припадниците на националните малцинства во Република Хрватска.

Организатор на собирот беше Агенцијата за воспитание и образование на Република Хрватска.

М. Г.



# „Идеален маж“ на Александар Поповски го освои Загреб

Со долготраен аплауз и големи овации беше поздравено едно од најзначајните дела на Оскар Вајлд, претставата „Идеален маж“, која се одржа на 5 јуни 2026 година како последна драмска премиера од сезоната на Хрватскиот народен театар во Загреб. Претставата е во режија на реномираниот македонски и европски театарски режисер, Александар Поповски, музиката е на истакнатиот македонски композитор и музички автор Кирил Цајковски, а и македонската костимографка Миа Поповска значајно придонесе за визуелниот идентитет на претставата.

Препознатливиот стил на Вајлд, полн со афоризми, парадокси и духовити реплики, доби дополнителна современост во оваа претстава низ актерските толкувања и ритмичката режија. Поповски ја осмисли претставата како интелигентна сатира што успешно ги спојува хуморот и сериозниот коментар, навраќајќи се на темите што ја одбележуваат неговата режисерска кариера: политичката моќ, моралот, лицемерието и општествените маски. Оваа негова најнова претстава уште еднаш покажа како класиците, кога се изведуваат со квалитетна глума, можат силно да комуницираат со денешната публика.

Поповски и Цајковски повеќе од две децении соработуваат, реализирајќи над 20 театарски проекти во регионот и во Европа. Нивната заедничка работа, драматуршката динамика, современиот сценски израз и впечатливата музика, оставија длабока трага во современиот театар. Музиката на Цајковски даде дополнителна емоционална и современа димензија во претставата.

„Идеален маж“ го освои Загреб уште пред премиерата. Сите 5 изведби во јуни однапред беа распродадени.

Е. П.



# „Домот е таму каде што е песната“

## *Богатството на македонската традиција пред сплитската публика*

Културната манифестација на националните малцинства „Домот е таму каде што е песната“, која традиционално се одржува секоја година во Сплит по повод празникот Судамја и оваа година на 8 мај во Хрватскиот дом ги собра претставниците на различни народи, култури и традиции кои се богатство на овој убав далматински град.

Членовите на Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит за оваа манифестација подготвија настап со кој го претстави богатството на македонското културно наследство. Преку песна, музика и елементи од традиционалниот фолклор, тие ѝ ја доближија на публиката убавината на македонската традиција, обичаи и народно творештво.

Хорот и фолклорната група „Македонија“ со изведба на песните „Блажена горо зелена“, „Не стој Доне, Донке“ и „Смиљана“, како и со сплетот македонски женски ора го пренесоа духот на Македонија, истакнувајќи ги вредностите на заедништвото и зачувувањето на културниот идентитет.

Топлата атмосфера, посветеноста на изведувачите и автентичноста на настапот го направија претставувањето на македонското национално малцинство особено впечатливо. Публиката ги награди со долг и срдечен аплауз, препознавајќи го трудот вложен во зачувувањето и промовирањето на македонската култура.

Оваа манифестација уште еднаш покажа дека музиката, традицијата и уметничкото творештво ги поврзуваат луѓето од различни националности и придонесуваат за меѓусебно разбирање, почитување и зачувување на културната разновидност во градот Сплит.

Марта Жаја




# Македонската песна претставена на концерт во Каштел Лукшиќ

Членовите на Македонското културно друштво „Македонија“ учествуваа на концертот на хорот „Canta Dalmatia“, што се одржа на 9 мај 2026 година во Каштел Лукшиќ. Настанот собра бројни љубители на хорската музика и претставници на културни здруженија од регионот, потврдувајќи ја важноста на музиката како универзален јазик што ги поврзува луѓето и културите. Претставниците на Друштвото, односно членовите на хорот „Македонија“ со гордост ја претставија македонската културна традиција, придонесувајќи кон богатата и разновидна програма на концертот.

Концертот се одвиваше во пријатна и свечена атмосфера, а публиката со внимание и аплауз ги поздрави сите учесници. Настапот претставуваше можност за дружење, размена на искуства и зајакнување на врските меѓу културните друштва, како и за промовирање на меѓусебното почитување и разбирање.

Учеството на МКД „Македонија“ од Сплит на овој значаен музички настан е уште една потврда за активната улога на Друштвото во културниот живот на локалната заедница и неговата посветеност кон негувањето и афирмацијата на македонската култура и традиција.

М. Ж.



# „Сите јазици – една маса“

**_По повод 9 мај – Денот на Европа, во основното училиште „Скалице“ во Сплит беше отворена изложба со наслов „Сите јазици – една маса“, која на креативен и едукативен начин ги поврзува јазиците, културите и гастрономијата на различни европски народи_**




Преку заедничка работа и тимска соработка, учениците покажаа дека јазиците не се само средство за комуникација, туку и мост кој ги поврзува културите и традициите.

Ментор на изложбата е наставничката Хелена Назлиќ, а во нејзината реализација учествуваа ученици кои изучуваат италијански, француски, германски, англиски и македонски јазик во ОУ „Скалице“ во Сплит.

Изложбата беше отворена од 8 до 22 мај 2026 година во атриумот на училиштето. Посетителите имаат можност да се запознаат со типични јадења од италијанската, француската, германската, англиската и македонската кујна, како и да научат како се нарекуваат состојките на различните јадења на јазиците што се изучуваат во училиштето. На тој начин, проектот ги поврзува јазичната настава и културната размена преку секојдневни и препознатливи теми од животот.

## Богатата гастрономија на изложба

Учениците кои го изучуваат македонскиот јазик се претставија со традиционални јадења изработени од различни материјали, меѓу кои беа гравче, сарма во лозов лист, ориз со батаци, ајвар и неизбежната баклава. Со оваа презентација, под водство на наставничката Милена Георгиевска, тие ја доближија македонската традиционална кујна до посетителите и ја претставија богатата гастрономска култура на Македонија.



- Заедно со учениците осмислувавме како да ги направиме дел од македонските традиционални јадења за изложбата. Беше потребна голема креативност и идеи. Што да употребиме од материјали, а тоа да привлече внимание кај публиката? Така, од плута сечевме зрна за грав, од памук правевме зрна ориз, од хартија изработувавме пиперки и домати, а лукчето беше посебна приказна, вели наставничката Милена.

Таа додаде дека сепак на крајот сè испадна оригинално и репрезентативно.

## Јазична разновидност

Во училиштето „Скалице“ учениците имаат можност да изберат втор странски јазик меѓу италијански, француски, германски и/или македонски, што дополнително придонесува за развивање на јазичните компетенции и меѓукултурното разбирање уште од најмала возраст.

Изложбата „Сите јазици – една маса“ претставува значаен придонес кон одбележувањето на Денот на Европа и ја нагласува важноста на јазичната разновидност и меѓусебното почитување во современото европско општество.

М. Г.





# Богата културна разновидност

*Во Задар на 23 мај 2026 година на „Плоштадот пет бунари“ свечено беше одбележан Меѓународниот ден на културните различности, настан кој ја истакна важноста на меѓусебното почитување, соработката и зачувувањето на културното наследство*





На манифестацијата учествуваа здруженија и претставници на албанското, македонското бошњачкото, српското и словенечкото национално малцинство, кои преку музика, традиционални носии, гастрономија и обичаи ја претставија богатата културна разновидност на своите народи.



## Разбирање и заедништво

Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар достојно ја претстави македонската култура со настап на својата пејачка секција која изведе традиционални македонски песни, како и со кулинарската секција, која подготви автентични македонски специјалитети што предизвикаа голем интерес кај посетителите.

- На нашиот штанд оваа година имаше јадење кое по прв пат го пробаа посетителите, а тоа е „Селско месо“, како еден од специјалитетите на македонската кујна. Освен тоа, имавме и баклави, кадаиф, гурабии и други благи и солени домашни специјалитети. Се мачкаа лепчиња со македонски ајвар и се дегустираше македонско вино, ни рече Мирјана Мајиќ, претседателка на Друштвото.



## Културната различност е богатство

Настанот помина во пријателска и празнична атмосфера, испраќајќи силна порака дека културната различност е богатство кое ги поврзува луѓето и придонесува за меѓусебно разбирање и заедништво.

Организаторите изразија благодарност до сите учесници и посетители со надеж дека ваквите манифестации ќе продолжат да ја негуваат мултикултурноста и да ги зајакнуваат врските меѓу заедниците во Задар.

Програмата беше помогната од Град Задар и од Задарската жупанија, а настапот на МКД „Билјана“ беше под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ.

Антонела Галиќ

# Стратешки месеци за МКД „Браќа Миладиновци“

Недолго по одржувањето на Вонредната седница на собранието на МКД „Браќа Миладиновци“ на 24 април 2026 година, на која беа изгласани измените во раководството и членството во Управниот одбор на Друштвото, како и промените во Статутот, а заради усвојување на плановите за 2027 година, на 19 јуни се одржа и Редовното собрание.

„Овој пат имавме полесна работа: разговаравме отворено за многу точки, ги усвоивме Планот и програмата за работа и Финансискиот план за 2027 година. Договоривме да се задржи планот на одржување на традиционалните манифестации на Друштвото, а опсегот на новите активности во секциите, како и настапите на повик на други партнерски организации ќе зависи од средствата што ќе му бидат одобрени на Друштвото од страна на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска. Општ заклучок е дека сме задоволни од досегашното работење, од функционирањето на секциите и продолжуваме со работа во истиот ритам. Она што нѝ недостига се младите. Работиме и на ова подрачје, но свесни сме дека ситуацијата не е поволна, барем не во Осиек“, рече Борис Трајановски, претседател на Друштвото.

J. Т.



# Нови креативни работилници на етно-кулинарската секција „Везилки“

Етно-кулинарската секција „Везилки“ е една од најактивните во МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и постојано изненадува со нови идеи.

„Од една страна сакаме да им овозможиме на сите кои се заинтересирани да научат нешто ново за македонската кујна. Но, од друга страна, сакаме да ги сочуваме традиционалните македонски рецепти и да се потсетиме на нивната убавина“, рече Марија Чинчурак, водителката на секцијата.

За да опфатат различни рецепти, Марија и нејзиниот тим ќе организираат работилници во циклуси.

„Првиот циклус е овој што се одржува денес и ги опфаќа тестенините. Следниот ќе го опфати оризот и сите јадења кои се поврзани со оваа, за Македонија многу важна намирница, а потоа секако ќе го опфатиме и гравот. Но, нема таму да застанеме“, рече со радост Чинчурак.

На 1 јуни 2026 година во просториите на Друштвото се одржа првата работилница за тестенини на која присутните учеа како да прават тетовска тарана и кои јадења се прават со тарана, но и кои се прават од неа, како на пример росникот. Потоа заедно правеа и јуфки за млечник или јајчалник, традиционален македонски сладок десерт од јајца и млеко, а завршија со славонските млинци.

Оваа секција не е само важен поддржувач на активностите на МКД „Браќа Миладиновци“ тогаш кога Друштвото дочекува гости или организира манифестации; таа достојно го претставува богатството на македонската кулинарска традиција насекаде низ Хрватска. Затоа со нетрпение ги очекуваме нивните нови идеи и активности!

Јулијана Тешија



# Македонскиот мелос во Пакленица





На 8 јуни 2026 година, фолклорната секција „Танец“ на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек настапи на Деновите на изворната култура во Пакленица. На повик на Спортското друштво од Пакленица „Новска“, меѓу десетина друштва од Србија, Босна и Херцеговиа, Романија, Унгарија и Словенија, на оваа меѓународна манифестација настапи и македонското друштво од Осиек со изведби на неколку ора.

„Горди сме што можевме да ја претставиме македонската култура и богатата музичка традиција што ја негуваме во Осиек, во Новска пред бројната публика од Сисачко-мославачката жупанија, но и од други држави од поширокиот регион“, рече Мирта Гало, водителката на секцијата.

Гостувањето во Пакленица на членовите на Друштвото им даде можност за размена на искуства со други фолклорни секции и друштва, за поврзувања и за идна соработка.

J. T.

# Пријателство без национални граници

Одржувањето на традициите, културата и јазикот на националните малцинства во Славонскиот и Барањскиот крај има двојна цел: на малцинствата кои живеат во овој дел од Хрватска им овозможува да го негуваат идентитетот кој се пренесува од колено на колено. Но, им отвора врата и за дружба, за пријателства кои ги надминуваат границите на националното.

Едно од најстарите пријателства кое МКД „Браќа Миладиновци“ го негува со љубов, е она со СКУД „Свети Сава“ од Тења. Затоа и оваа година членовите на Друштвото со радост се одзваа на поканата на пријателите од Тења да дојдат и заедно со уште шест друштва од Вуковар, Дарда и Чардаш, да го дадат својот придонес за збогатувањето на програмата на овогодинешните „Средби на националните малцинства“.

Настанот се одржа на 12 јуни во просториите на Хрватскиот дом во Тења, а на него настапија членовите на пејачката секција „Вардарки“ во придружба на инструменталната „Т'га за југ“, и отпеаја неколку традиционални македонски песни.

J. T.



# Со љубов кон традицијата

Овогодинешната 7. смотра на фолклорот „Ние сме друштво од дамнешни дни“ се одржа во Врпоље на 20 јуни. Оваа смотра е дел од програмата која секоја година ја организира општината Врпоље, а во чест на Денот на општината.



Во текот на неколку дена ова прекрасно место – инаку родниот дом на еден од најголемите хрватски уметници, познатиот скулптор Иван Мештровиќ – станува центар на традициите на различните малцински групи од овој дел на Хрватска.

Оваа година помеѓу бројните друштва, настапи и МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, со фолклорната секција „Танец“, пејачката „Вардарки“ и инструменталната „Т‘га за југ“. Друштвото дојде на покана на КУД „Иван Мештровиќ“ – Врпоље, а на настапот секциите го прикажаа богатството на музиката и танците на Македонија, но и носиите со кои МКД „Браќа Миладиновци“ особено се гордее.

J. T.

# Богати етно средби крај Осиек

Во приградското место Биље, во непосредна близина на Осиек, и оваа година по 26. пат се одржаа етно средбите кои ги прикажуваат традициите, фолклорот, музиката и идентитетот на малцинствата и кои зборуваат за големото богатство на Осиечко-барањската жупанија.

Во прекрасниот парк крај дворецот на принцот Еуген Савојски од 18. век, уште од раните утрински часови на 13 јуни 2026 година почнаа да пристигаат бројни граѓани од Осиек, Биље, Загреб, Грачани, Вуковар и други места од Хрватска, но и од Полска и Шкотска, за да уживаат во богатата програма која имаше за секого по нешто.

Етно средбите свечено ги отворија началникот на општината Биље, Жељко Цицкај, заменикот на жупаницата, Горан Ивановиќ, и претставникот на хрватскиот парламент и воедно претставник на претседателот на Хрватскиот сабор, Стипан Шашлин.

„Самиот податок што оваа манифестација се организира по 26. пат зборува многу. Традициите на Славонија и Барања, нивното богатство и различности, сето тоа е важно да се негува и понатаму“, истакна Ивановиќ.

Се започна со семинарот за традиционалните инструменти во Домот на културата – Биље на кој учествуваа и најмладите „Бисерчиња“, ама и постарите членови на МКД „Браќа Миладиновци“ кои ги испробуваа звуците на традиционалните инструменти, како што се тапанот и гајдата, но и дрвените дувачки инструменти – „странчица“, „диплица“ и слично. И додека некои беа слични со македонските, други пак се разликуваа од нашите и во тонот и во бојата на звукот.



Во попладневниот дел настапија секциите „Танец“, „Вардарки“ и „Т‘га за југ“ кои ги воодушевија присутните со мелосот, шареноликоста и темпераментот на македонските песни и ора.

Јулијана Тешија

# Уметност во природа и природата како уметност

Убавината е насекаде околу нас, но забрзаниот живот често пати прави да не ја забележиме. Затоа членовите на ликовната секција на МКД „Браќа Миладиновци“ решија на 14 јуни 2026 година една работилница да одржат на отворено, во природа.



Ликовната секција е меѓу најмладите, но и најактивните во Друштвото. Со повлекувањето на досегашната водителка Ранка Мирковиќ заради лични причини, секцијата ја презеде Мишо Лекиќ од Осиек, и самиот аматерски уметник со долгогодишно искуство и учество во неколку групни изложби.

„Идејата беше едноставна: да сме на отворено, во природа, да ги видиме нејзините убавини како инспирација за творењето, но и подобро да се запознаеме и да се дружиме. И уште нешто: да им покажеме на најмладите колку уметноста може да биде забавна!“, рече Лекиќ.

Во договор со Свјетлана Павиќ, водителка на детската секција „Бисерчиња“, Лекиќ ги одведе членовите на Друштвото близу Осиек, во зеленилото на Тврѓавица. Таму најнапред разговараа за различните техники на сликање, а потоа наученото го применија во пракса. За околу четири часа колку што траеше целата работилница, настанаа различни уметнички слики во темпера, акрил и комбинирани техники, а повеќето од сликите беа заедничко авторство на младите и постарите членови на „Браќа Миладиновци“.

Еден од резултатите на активноста беше и привлекување нови членови кои најавија зачленување во Друштвото по летните одмори. Денот заврши со закуска и опуштено дружење. Работилницата во природа се одржа во рамките на „32. Денови на македонската култура“ и под покровителство на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска.

Јулијана Тешија

# Настап на МКД „Македонија“ во Виена

*Од 14 до 17 мај 2026 година во Виена, Австрија, се одржа значаен меѓународен културен настан на кој учествуваа седум македонски културни друштва од седум европски земји*

Манифестацијата претставуваше важна средба на разни македонски култури, традиции и уметнички изрази од различни краеви на Македонија, а со цел унапредување на меѓусебната соработка, пријателството и културната размена преку музика, песна и оро.

## Песни и оро

На овој концерт учествуваше Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит кое се претстави со хорот и фолклорната група. Хорот изведе неколку македонски народни песни со што беше прикажан дел од богатото музичко наследство на Македонија. Фолклорната група настапи со традиционално македонско оро, изведено во автентични народни носии и со препознатлив ритам и сценска енергија.

Настапот беше проследен со голем интерес од публиката и беше високо оценет од учесниците и организаторите. Посебен момент од настанот беше доделувањето на благодарници за учество, кои ги врачи директорот на македонската Агенција за иселеништво, Горан Ангелов, како признание за придонесот во афирмацијата на македонската култура надвор од границите на татковината.



## Промоција на македонската традиција

Македонските културни друштва кои дејствуваат надвор од границите на Македонија имаат исклучително значајна улога во зачувувањето и промоцијата на македонската традиција, особено во дијаспората. Тие преку хорски, фолклорни и културни активности ги негуваат македонскиот јазик, песна и оро, и им ја пренесуваат културната традиција на новите генерации. Покрај тоа, тие претставуваат мост меѓу Македонија и другите земји, овозможувајќи културна размена и градење пријателски односи.

Настанот во Виена уште еднаш ја потврди важноста на ваквите друштва во зачувување на националниот идентитет и нивната улога во меѓународната културна презентација на Македонија. Ова патување, кое воедно беше убаво дружење помеѓу членовите и можност за посета на прекрасната Виена, секако ќе остане во многу убав спомен и долго сеќавање.

Марта Жаја





# „Магичниот круг на детството“

Едно поинакво и инспиративно учење имаа можност да искусат учениците од ОУ „Никола Тесла“ и ОУ „Аугуст Харамбашиќ“ во Загреб, кои посетуваат настава по Македонски јазик и култура според моделот Ц. Наместо во училница, овојпат тие учеа и твореа во просториите на Македонскиот културно-информативен центар во Загреб, каде од 16 до 19 април, под водство на наставничката Деспина Белчовска Велинска, активно учествуваа во креативни работилници за глума, илустрација и креативно пишување.

Инспирација за работилниците беше книгата „Магичниот круг на детството“ од авторката Татјана Гогоска. Под менторство на Снежана Коневска Руси, Кристина Таневска и самата авторка, учениците низ неколку работилници подготвија перформанс што успешно го изведоа пред публиката на 19 април 2026 година, во рамките на промоцијата на книгата и проектот „Магичниот круг на детството“.

Пред преполната сала во КИЦ, учениците самоуверено и впечатливо ги оживеаја своите улоги, изговарајќи ги научените текстови со голема посветеност. Покрај перформансот, тие подготвија и изложба на цртежи и раскази, кои беа плод на нивната креативност и љубов кон македонскиот јазик.

Начинот на кој учениците беа водени од искусните менторки на трите работилници уште еднаш покажа колку наставата по македонски јазик може да понуди современ, креативен и инспиративен пристап кон учењето, особено кај децата кои со голем интерес ги следат часовите.

Проектот се реализираше во соработка со „КАТ Продукција“ и е дел од програмата на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, поддржан од Министерството за култура и туризам на Македонија.

Како награда и поттик за понатамошно читање и негување на мајчиниот јазик, учениците добија примероци од книгата „Магичниот круг на детството“.

Настанот се одржа под мотото: „Македонскиот јазик е најголемата културна татковина која нема граници“. На промоцијата и изведбата на перформансот присуствуваше и македонскиот амбасадор во Република Хрватска, Драган Ѓурчевски.

Овој проект уште еднаш потврди дека јазикот навистина не познава граници.

М. Г.



# Промоција на современата македонска уметност

На 19 мај во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб се одржа концерт на реномираниот камерен состав, триото „Аперто“. Концертната програма на МКИЦ во Загреб за 2026 година свечено ја отвори директорката Мими Ѓоргоска Илиевска, која во своето обраќање истакна дека програмата и понатаму ќе биде фокусирана на промоција на современата македонска уметност, богатото македонско културно наследство, поддршка на врвните уметници и продлабочување на културната соработка меѓу Македонија и Хрватска.

На концертот присуствуваше и македонскиот амбасадор во РХ, Драган Ѓурчевски, кој ја поздрави публиката и ја истакна важноста на културната дипломатија и улогата на МКИЦ во Загреб во афирмацијата на македонската култура во меѓународен контекст.

Триото „Аперто“, составено од врвните уметници Марина Трајковска и Момчило Куфојанакис на виолина и Весна Ангелова Христов на пијано, изведе програма која опфати различни епохи и музички стилови, со особен акцент на македонското современо творештво, регионалната музичка соработка и делата од светската класична музика.

Е. П.



# Одбележан Денот на Црковната општина „Св. цар Константин и царица Елена“

*Македонската православна црковна општина од Риека, која го носи името на овие два светители, својот патронат го одбележа на 7 јуни*



Светиот цар Константин и неговата мајка светата царица Елена се едни од најзначајните личности во историјата на христијанството во Православната црква и тие се почитуваат како светители и „рамноапостоли“, бидејќи нивното дело имало огромно влијание врз ширењето и зацврстувањето на христијанската вера.

Во Македонската православна црква, како и во целото православие, светите Константин и Елена се слават на 3 јуни. Тие се сметаат за заштитници на христијанската вера и пример за мудро владеење, побожност и служење на Бога.



## Божествена литургија

Македонската православна црковна општина од Риека, која го носи името на овие два светитела, својот патронат го одбележа на 7 јуни.

Чествувањето на празникот започна со утринска Божествена литургија која ја служеше отец Дејан Белчовски, а гостинот Бранко Илиевски (академски тромбонист), византиски црковен пејач, со својот ангелски глас ѝ даде посебно свечена нота на атмосферата што владееше во преполната црква. Покрај големиот број на верници, прославата на патронатот на црквата со свое присуство ја збогатија и Јосип Остроговиќ, застапник во Хрватскиот сабор, Мими Ѓоргоска Илиевска, директорка на МКИЦ во Загреб, Станислав Бишковски од Стопанската комора на Истарската жупанија, како и бројни пријатели.

По завршувањето на светата Божествена литургија прославата продолжи во просториите на МКД „Илинден“ каде годинешниот кум, Александар Бошкоски со семејството ја подготвија „Трпезата на љубовта“ и на присутните им приредија вкусна закуска и весела дружба. Исто така, на прославата на Денот на МПЦО беше избрано и ново кумство за следната година, а тоа е Илија Христодулов со семејството.

## Цар Константин Велики

Константин е роден околу 272 година во градот Наисус (денешен Ниш, Р. Србија). Тој станал римски цар во време кога христијаните биле



жестоко прогонувани. Најголемото значење на Константин е тоа што го прекинал прогонството на христијаните и овозможил слободно практикување на христијанската вера.

Во 313 година заедно со царот Лициниј го издал „Миланскиот едикт" со кој христијанството станало дозволена религија во Римската Империја. Ова било пресврт во светската историја, бидејќи христијаните повеќе не биле гонети, затворани и убивани поради својата вера.

Според преданието, пред Битката кај Милвискиот мост во 312 година, Константин забележал крст на небото и порака која гласела: „Со овој крст ќе победиш". По победата тој сè повеќе се приближувал кон христијанството и станал негов заштитник.

Неговите најголеми заслуги: го запрел прогонството на христијаните, градел многу цркви и помагал во ширењето на христијанската вера, во 325 година го свикал Првиот Никејски совет, каде биле утврдени основните начела на христијанската вера, го основал градот Константинопол (денешен Истанбул) кој бил центар на христијанската цивилизација повеќе од 1000 години.

Поради овие дела, црквата го нарекува „велик" и „рамноапостолен", бидејќи неговото влијание врз ширењето на христијанството било слично на делото на апостолите.

## Царица Елена

Царица Елена била мајката на Константин. Таа потекнувала од скромно семејство, но подоцна станала римска царица. Откако нејзиниот син станал цар, таа добила голема чест и влијание во Империјата.

Елена била верна христијанка. Во својата старост отпатувала во Светата Земја – Ерусалим, каде што според христијанското предание го пронашла Чесниот крст на кој бил распнат Исус Христос. Овој настан има огромно значење за христијанскиот свет и затоа таа е особено почитувана и во Православната, и во Католичката црква.

Нејзина заслуга, покрај ширењето на христијанството, е и организирање изградба на цркви во Ерусалим, Витлеем и други свети места. Царица Елена станала пример за побожност, милосрдие и вера.

Христина Грозданоска

# Свечена литургија во чест на светите браќа Кирил и Методиј



Во рамките на одбележувањето на јубилејот - 35 години од основањето на МКД „Македонија" во Сплит беше одржана и свечена литургија во чест на светите браќа Кирил и Методиј. Богослужбата ја предводеше протојереј-ставрофор Кирко Велински, свештеник на Македонската православна црква во Република Хрватска.

Во својата проповед тој ја истакна важноста на духовното наследство, писменоста и културниот идентитет, нагласувајќи дека делото на Кирил и Методиј останува вечен темел на словенската цивилизација.

М. Ж.



# Свети Наум Охридски

## *Молитвено и достоинствено беше одбележан Денот на МПЦО „Св. Наум Охридски“ во Сплит*



Свети Наум Охридски е христијански светител познат меѓу народот како Свети Наум Охридски Чудотворец. Тој бил ученик на светите Кирил и Методиј, како и соработник на Свети Климент Охридски, а се почитува како светител, и во Православната, и во Католичката црква.

### Просветителска дејност

Заедно со Свети Климент, Свети Наум Охридски се смета за еден од основоположниците на словенската писменост и култура во Македонија и меѓу соседните словенски народи.

Свети Наум е роден во средината на IX век. Бил истакнат ученик на светите Кирил и Методиј и им помагал во христијанизацијата и просветителската дејност меѓу Словените во Велика Моравија. По смртта на Свети Методиј, заедно со Свети Климент бил протеран од Моравија. Заминал во Македонија во градот Охрид.

Во близина на Охридското Езеро, околу 900 година го основал манастирот што денес го носи неговото име, како своја задужбина посветена на Свети Архангел Михаил. Заедно со Свети Климент предавал во „Охридската книжевна школа“, која станала значаен духовен и просветен центар на словенскиот свет.

### Охридска книжевна школа

Светите Климент и Наум описмениле и подготвиле за просветителска и мисионерска дејност повеќе од 3500 ученици и монаси. Благодарение на нивната работа, Охридската книжевна школа се развила во еден од најзначајните образовни центри во Европа во тоа време, дејствувајќи речиси два века пред основањето на Универзитетот во Болоња.

На Свети Климент и Свети Наум им се припишува голем придонес во развојот и ширењето на словенската писменост, како и во усовршувањето и ширењето на глаголицата и кирилицата, врз основа на претходните словенски и византиски книжевни традиции.

Свети Наум се упокоил и бил погребан во својот манастир во 910 година. Над неговиот гроб се наоѓа фреска што го прикажува неговото упокојување. Неговиот спомен се празнува на 20 јуни (3 јули според стариот календар). Манастирот „Свети Наум“ и денес е едно од најпосетуваните светилишта во Македонија, каде што покрај поклониците доаѓаат и многу посетители кои сведочат за духовна утеха и исцеление.

### Света Божествена литургија

По повод празникот посветен на Свети Наум Охридски Чудотворец, во Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“ во Сплит беше отслужена света Божествена литургија на која присуствуваа голем број верници од Сплит и поширокото подрачје на Сплитско-далматинската жупанија. Храмот беше исполнет со верници кои со молитва и духовна радост го одбележаа споменот на големиот македонски просветител, духовник и чудотворец.

За Македонците кои живеат и работат во Сплитско-далматинската жупанија, МПЦО „Св. Наум Охридски“ претставува значајно духовно и национално средиште. Таа е место каде што се негува православната вера, се чуваат македонскиот јазик, традицијата и културниот идентитет, а воедно претставува и мост што ги поврзува иселениците со нивните корени и татковината.

Редовното одржување на богослужбите има особено значење за духовниот живот на Македонците во овој дел од Хрватска. Преку заедничката молитва верниците ја зацврстуваат својата вера, меѓусебната поврзаност и чувството на припадност кон Македонската православна црква. Празничните собири се можност не само за духовно окрепување, туку и за дружење, заемна поддршка и пренесување на вредностите на помладите генерации.



## Трпеза на љубовта

По завршувањето на светата литургија, Управниот одбор на МПЦО „Св. Наум Охридски“ приреди „Трпеза на љубовта“, на која верниците во братска и празнична атмосфера го продолжија одбележувањето на патрониот празник. Ваквите собири претставуваат убав пример за заедништвото, солидарноста и живата



духовна традиција што се негува меѓу Македонците во Сплит.

Кумови на овогодишната црковна слава беа Руменка и Живко Маркоски со нивното семејство, кои со љубов и посветеност ја прифатија оваа чест и одговорност. Нивниот придонес беше израз на длабока почит кон македонската православна заедница во Сплит, и пример за христијанска пожртвуваност и грижа за црковниот живот.

Прославата уште еднаш потврди дека ликот и делото на Свети Наум Охридски продолжуваат да бидат жив извор на духовна сила, вера и надеж за македонскиот народ, без оглед на тоа каде живее. Неговото наследство останува трајна инспирација за зачувување на православната вера, националниот идентитет и заедништвото меѓу Македонците ширум светот.

Протојереј-ставрофор
Кирко Велински

# Емотивноста и прецизноста на Влатко Стефановски и Мирослав Тадиќ

После настапите на Влатко Стефановски на Мали Бриони во соработка со Раде Шербеџија во претходните години, тој дојде и во Пула во Римскиот мал театар на 16 јуни, каде во интимен амбиент подготви вечер за памтење на една врвна музика. Со него настапи и Мирослав Тадиќ.

„Секогаш сум свирел тоа што ми било блиску до срцето и тоа во што искрено сум верувал“, вели Влатко.

Станува збор за концерт на една долгогодишна соработка на двајца врвни музичари познати во целиот свет. Во присуство на пулската, истарската, па и публика од цела Хрватска, а и во присуство на голем број туристи, на полниот Римски мал театар се слушнаа македонските народни песни на двете гитари, во што сите присутни посебно уживаа.

Долгогодишната работа на Влатко Стефановски е карактеристичен спој на рок, џез и традиционална македонска музика, изведени со техничка прецизност и емотивност.

Мирослав Тадиќ е меѓународно признат гитарист и композитор, со посебна кариера во соработка со голем број светски уметници и професор на престижни музички институции во САД. Неговата работа опфаќа широк круг на стилови, од класична музика до „worldmusic“.

Концертот во Пула беше ретка прилика за средба со двајца мајстори на гитара, со врвен музички квалитет и посебно уметничко доживување. Публиката слушна изведби од албумот „Крушево“, „Трета мајка“ како и некои необјавени песни досега. Во Пула, Влатко Стефановски има настапувано повеќе пати. Концертот беше пропратен и од голем број Македонци кои живеат и работат во Истра, а и кои се гордеат со големите македонски уметници.

Михаела Златеска



# Богатите звучни можности на кларинетот

Македонскиот кларинетист, композитор и мултиинструменталист Горан Бојчевски на 18 јуни одржа незаборавен концерт во Истарскиот народен театар во Пула, настапувајќи пред бројна публика која со долг аплауз ја награди неговата извонредна музичка изведба.



Концертот, насловен „Acoustic Shades of the World – Music for Peace and Tolerance“, претстави музичко патување низ различни култури и традиции, обединувајќи класична музика, македонски фолклор и современи авторски композиции. Бојчевски маестрално ги претстави богатите звучни можности на кларинетот, но и на традиционалните инструменти како кавалот и дудукот.

Покрај неговите авторски дела, публиката имаше можност да ужива и во нови аранжмани на македонски народни песни, како и во композиции од светски познати автори, создавајќи програма што ја славеше музиката како универзален јазик на мирот, толеранцијата и меѓусебното разбирање.

Настанот беше дел од програмскиот циклус на Истарскиот народен театар, посветен на врвни музички уметници, а концертот беше проследен со исклучително позитивни реакции од публиката, која неколкупати го враќаше уметникот на бис.

Со овој настап Горан Бојчевски уште еднаш ја потврди својата меѓународна репутација како еден од најистакнатите македонски музичари, чија уметност успешно ги поврзува традицијата и современиот музички израз, оставајќи силен впечаток кај љубителите на музиката во Хрватска. Тој живее и работи во Целје во Словенија. Негови гости на концертот беа Бруно Крајцар и „Деспина“, пејачка група на Македонскиот културен форум.

Михаела Златеска

# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ

**Прилошките определби** даваат податоци за околностите во или под кои се вршело, се врши или ќе се врши глаголското дејство изнесено со прирокот. Во улога на прилошки определби се јавуваат: прилозите, за кои е ова основна функција; именки или именски групи со предлози (предлозите се овде употребени во нивните конкретни значења); глаголскиот прилог. Прилошките определби одговараат на прашања поставени со прашални заменски прилози, на пример: *каде? кога? како? зошто?* и сл. Освен тоа, ако сакаме да ги замениме, можеме тоа да го направиме само со прилог: *каде? – во училницава – овде*; *како? – лесно – така*.

Можеме да ги изделиме следниве видови прилошки определби:

а. **Прилошка определба за место** – дава информација за местото на вршење на дејството искажано со прирокот. Одговара на прашањата: *каде? до каде? на каде?* и сл. Се изразува со прилози за место (*овде, таму, внатре, горе* итн.) и со именки или именски групи – со предлози (*на клупата, низ шумата, по полето, од болницата* итн.). Примери: – *Јунак* ***дома*** *не умира!* (В. Иљоски); – *Војниците заминаа* ***некаде***. (Ј. Котевски); – *Зико влета* ***во Редакцијата*** *на спортскиот весник*. (О. Николова); – ***Во Солун*** *народот си живееше поинаков, градски живот*. (К. Мисиркова-Руменова). Во некои случаи, кога е јасно дека станува збор за прилошка определба за место, предлогот се испушта, на пример: – *Утре ќе заминам* ***Битола***.



б. **Прилошка определба за време** – ги определува временските околности на дејството и одговара на прашања, како: *кога? од кога? до кога?* и сл. Овде, исто така, среќаваме прилози (*тогаш, вчера, годинава, секојдневно* итн.) и именки, односно именски групи со предлози (*во саботата, на Велигден, на 26 јули 1963 година* итн.). Кај прилошката определба за време претставена со именка или именска група, предлогот може и да се изостави, како во следниве случаи: – ***Секоја зима*** *ќе приредуваме натпревари во скијање*.; – ***Тоа утро*** *не бев многу расположен*. Примери: – ***Таа година*** *никој немаше голем ќеф за работа*. (К. Мисиркова-Руменова); – ***Ноќе*** *се довикува самотијата // преку отворените враши // на мртвото село*. (Ј. Котевски); – ***Денес*** *поетите делникот го презираат*. (Г. Тодоровски).

Лидија Георгиева
Постојан судски преведувач од македонски на хрватски јазик и обратно




*PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE*

*Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, građevine, strojarstva.*

*OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!*

# „Без граници, без пречки“

Учениците кои го изучуваат македонскиот јазик во Загреб, Сплит, Пула, Осиек и Риека, заедно со нивните наставнички, активно учествуваа во меѓународниот проект „Без граници, без пречки“, организиран од Музејот на Народната банка на Македонија по повод одбележувањето на „Ноќта на музеите“ на 18 мај.

Проектот обедини ученици од Европа, Америка и Австралија, овозможувајќи им на младите од различни земји и континенти заедничко едукативно и културно доживување преку современи дигитални содржини и интерактивни активности.



## Виртуелна изложба

Во рамките на програмата, учениците следеа виртуелна изложба на Музејот на Народната банка, каде што имаа можност да се запознаат со историјата на парите, нивното потекло, развојот на платежните средства и промените што парите ги претрпеле низ различни историски периоди. Преку интересно и прилагодено предавање, учениците дознаа повеќе за улогата на парите во секојдневниот живот, трговијата и општествениот развој.

Посебен интерес кај учениците предизвика интерактивниот квиз, преку кој тие ги покажаа своите знаења стекнати за време на предавањето и изложбата. Настанот помина во позитивна и натпреварувачка атмосфера, а учениците со голем ентузијазам учествуваа во сите активности.

## Нови знаења

Со учеството во проектот, учениците не само што стекнаа нови знаења од областа на историјата и економијата, туку имаа можност и да го унапредат познавањето на македонскиот јазик, да се поврзат со врсници од различни земји и да бидат дел од еден значаен меѓународен културно-образовен настан.

За успешно учество сите ученици добија сертификати, додека најуспешните учесници на квизот беа наградени со дипломи за освоено прво, второ и трето место.

Проектот „Без граници, без пречки“ уште еднаш ја потврди важноста на дигиталното поврзување, културната соработка и зачувувањето на македонскиот јазик и идентитет меѓу младите кои живеат надвор од Македонија.

М. Г.



# Концертна вечер на триото „Интерарт“

Македонскиот Културно-информативен центар во Загреб на 10 јуни 2026 година беше домаќин на триото „Интерарт“ од Битола. Директорката на МКИЦ, Мими Ѓоргоска Илиевска, го претстави триото, чија програма е реализирана со поддршка на македонското Министерство за култура и туризам.

Флејтистите Емилија Ристевска Стефановска и Александар Стефановски, заедно со пијанистката Татјана Божиновска, преку својот уметнички израз, богатото концертно искуство и беспрекорната изведба, приредија извонредна концертна музичка вечер исполнета со виртуозност, префинета интерпретација и исклучителна сценска енергија.

Публиката имаше можност да ужива во внимателно избраната програма со дела од Луј Игиз, Марко Виденовиќ, Гери Шокер, Андреј Рубцов и Жан-Мишел Дамаз, кои носат разновиден музички израз и врвен уметнички настап, и за што ги награди изведувачите со долготрајни и искрени аплаузи.

Е. П.



# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



## Летно предјадење со печени пиперки

**Потребно е:** 2 домата, едно калапче бело сирење, 5-6 пиперки, масло, сол и магдонос.

**Подготовка:** Прво пиперките се мијат, се бришат, па се печат. Откако ќе се испечат се лупат и се ставаат на чинија, па се додава сирењето сечено на поголеми парчиња. Потоа измиени доматите се сечат на парчиња и се ставаат до сирењето. Сите состојки се полеваат со масло и со сол. Одозгора се додава сечкан магдонос.

## Пржен кромид



**Потребно е:** 3 поголеми кромида, 3 јајца, сол, бибер, магдонос, 100 г брашно и масло за јадење.

**Подготовка:** Кромидот се лупи и се сече на тркалца. Се става во подлабок сад, каде што му се додаваат јајцата, солта, биберот, магдоносот и на крај брашното. Сето тоа убаво се меша со лажица. Во загреано масло во подлабоко тенџере или тава, со лажицата се зема од смесата со тркалцата кромид како гнездо и се става да се пржи. Откако ќе добие златно жолта боја се вади на хартија за да се исцеди вишокот на маснотија. Се служи со прилог од некаков сос или зеленчук. Може да биде и прилог со некое месо или како предјадење.





## Штрудла со јаболка

**Потребно е:** 12 листови готови кори (за 4 штрудли), околу 1 кг јаболка (4 крупни јаболка) 3 чаши јогурт (180 мл), 1 чаша шеќер, 1 прашок за печиво, 1,5 чаши гриз и шеќер во прав.

**Подготовка:** Јаболката се мијат, се лупат, па се рендаат на крупно. Се ставаат на страна. Потоа, јогуртот, шеќерот, прашокот за печиво и гризот се соединуваат. Секоја штрудла се прави од три кори, а секоја кора се мачка со смесата. На секоја трета кора се ставаат рендани јаболка (по едно големо или две мали). Така подготвените кори се виткаат во ролна и се редат во плех со хартија за печење. Се печат на 180 степени околу 30 минути. Одозгора се става шеќер во прав.

М. Г.








# АТРАКТИВНИТЕ ПЕХЧЕВСКИ ВОДОПАДИ




На крајниот исток од Македонија, во областа Малешевија, се наоѓа малата, но живописна Општина Пехчево и нејзиниот главен административен центар, гратчето Пехчево. Овој нај источен македонски град е расплослан на двата брега од Пехчевската река, под падините на планината Влаина, на 1000 м надморска височина и е втор највисок македонски град. Опколен е со големи и длабоки борови шуми, студени потоци и чист планински воздух.

Пехчево е град со богата и бурна историја. За името има неколку народни преданија. На местото на денешниот град некогаш се наоѓало трло со бачило на сточарот Пејчин (Пејчо). Мештаните местото го викале „Пејчина колиба", од што со текот на времето произлегло името Пехчево. Друго предание вели дека во римско време, во подножјето на планината Буковик, се ископувала железна руда. Садовите и печките (пешчи) во кои се топела рудата го дале денешното име.

На 10 км југоисточно од Пехчево, кај изворот на реката Брегалница се наоѓа туристичкото место Равна Река. Тука се Пехчевските Водопади, неколку поголеми и бројни каскади на реката и нејзините притоки. Местото има уредени пешачки патеки, дрвени мовчиња, летниковци, клупи за одмор, спортски терени и рибници. Прв е Спиковскиот Водопад на Спиковска Река, со височина од 8 м, а потоа следува Црнодолскиот на истоимената река (5 м). Скокото е трет водопад на реката Брегалница (7 м) и има големо количество вода. Водопадот на Љутачка Река е четврти по ред (10 м). Петтиот поголем водопад е Ж'тачкиот на истоимениот поток, кој со своите 14 м е и највисок.

Пехчево е познато по зимскиот туризам, бујните шуми и атрактивните водопади. И по бројните легенди и преданија. Во нив овој предел се опишува како дом на шумски самовили, а инспирира и современи дела, како што се приказните за самовилското коњче. Една легенда вели дека во близина на Пехчево се наоѓаат темелите на средновековниот книжевен центар Равен, каде што светите браќа Кирил и Методиј ја создале глаголицата.

Планината Буковик е срцето на Пехчево. Таа чува приказни од антички времиња до денес.

Легендата раскажува дека во пазувите на Буковик постојат затрупани римски тунели. Во нив робовите копале железо за римската војска. Постојат приказни за ајдучки дружини кои го криеле своето богатство во пештерите на планината. Кај врвот Орловец, пак, се наоѓа специфична природна карпа позната како Вртена Скала. Се верува дека карпата има скриени тајни и моќ да чисти од негативна енергија и болести.

Спојот на богатата флора и фауна, природните убавини, археолошките наоѓалишта, традицијата, занаетчиството и домашните стари локални специјалитети, пехчевскиот крај го прави примамлива дестинација која привлекува сè повеќе посетители.

Елизабета Петровска